Вкупно	**18**	**0**	**18**	**5**	**0**	**5**	**7**	0	**7**	**12**	**0**	**12**	**30**	0	**42**

Поведение Прехранбен техничар

	I година			III година			IV година			Вкупно		
Поведение	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк	м	ж	вк
Добро	2	1	3	2	0	2	1	0	1	5	1	6
Незадоволително	1	0	1	0	0	0	0	1	1	1	1	2
Примерно	0	2	2	5	1	6	2	1	3	7	4	11
Вкупно	**3**	**3**	**6**	**7**	**1**	**8**	**3**	**2**	**5**	13	6	19

Изречени педагошки мерки
Прва година Гимназија

Година	Писмена опомена	Вкупно
I	2	**2**
Вкупно	**2**	**2**

Поведение Земјоделска струка

	I година			II година			III година			IV година			Вкупно		
Поведение	**М**	**ж**	**вк**	**м**	**ж**	**вк**	**м**	**ж**	**вк**	**м**	**ж**	**вк**	**м**	**ж**	**вк**
Добро	4	0	4	3	4	7	2	0	2	1	0	1	10	4	14
Незадоволително	0	0	0	0	1	1	0	0	0	0	0	0	0	1	1
Примерно	5	1	6	3	6	9	1	3	4	**9**	**4**	**13**	18	14	32
Вкупно	**9**	**1**	**10**	**6**	**11**	**17**	**3**	**3**	**6**	**4**	**2**	**6**	28	19	47

Изречени педагошки мерки
Втора година Гимназија

Година	Писмена опомена	Вкупно
II	7	**7**
Вкупно	**7**	**7**

Изречени педагошки мерки
Трета година Гимназија

Година	Писмена опомена	Вкупно
III	11	**11**
Вкупно	**11**	**11**

Изречени педагошки мерки Четврта година Гимназија

Година	Писмена опомена	Вкупно
IV	0	**0**
Вкупно	**0**	**0**

Изречени педагошки мерки Гимназиско образование	

Година	Писмена опомена	Вкупно
I	2	**2**
II	6	**6**
III	11	**11**
IV	0	**0**
Вкупно	**19**	**19**

Изречени педагошки мерки Техничар по Ветеринарна медицина

Година	Писмена опомена	Вкупно
I	2	2
II	2	2
III	0	0

IV	1	1
Вкупно	4	5

Изречени педагошки мерки Машински техничар за моторни возила

Година	Писмена опомена	Вкупно
I	6	**6**
II	22	**22**
III	2	**2**
IV	0	0
Вкупно	**30**	**30**

Изречени педагошки мерки Прехранбен техничар

Година	Опомена пред отстранување	Писмена опомена	Вкупно
I	1	4	**5**

III	0	2	**2**
IV	1	2	3
Вкупно	**2**	**8**	**10**

Изречени педагошки мерки Земјоделска струка

Година	**Писмена опомена**	**Опомена пред отстранување**	**Вкупно**
I	4		**4**
II	7	1	**8**
III	2	0	**2**
IV	1	1	2
Вкупно	**14**	**2**	**16**

6 УВИД ВО РАБОТАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

(СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ, УКАЖУВАЊЕ И ПОДДРШКА)

Следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно образовната работа во училиштето се остваруваше со цел да се постигне квалитет во работењето и да се придонесе за унапредувањето на воспитно образовниот процес во училиштето.

Интерен увид

Следењето на организацијата, реализацијата и ефикасноста на наставните и воннаставните активности, следењето на сите видови подготовка на наставата и воннаставните активности беа задачи на директорот на училиштето во соработка со стручните работници,помошниците директори за гимназиско и стручно образование ,одговорниот советник од Бирото за развој на образованието и притоа направија целосен увид во работата на училиштето и реализацијата на проектите.

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците во наставата го вршеа предметните наставници преку писмени работи, тестови, контролни работи, усно испитување, практична работа и т.н.Врз основа на следењето на резултатите од наставата и воннаставните активности од страна на директорот, и стручните работници на училиштето се изготвија полугодишни и годишни извештаи, анализи и информации по изминатите тримесечија за потребите на стручните органи и тела на училиштето и другите институции надвор од него.

Раководниот тим заедно со преставник од стручната служба реализираше и посета на наставен час кај сите професори, од гимназиско и стручно образование.

Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците.

7 ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Самоевалуацијата на училиштето претставува систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата со цел унапредување и обезбедување квалитет. За секое од осумте подрачја се анализира документацијата, се применуваат соодветни инструменти и се усогласуваат наодите, врз чија основа се утврдуваат приоритетите за развој.

Тим за спроведување на самоевалуацијата: Игор Николов – претседател. Одговорните координатори и членовите по подрачја се наведени во табелата.

Области на евалуација	Стандарди/ индикатори	Методи и инструменти	Временска рамка	Одговорни членови од комисијата	Забелешки / приоритетни мерки
Подрачје 1 **Наставни планови и програми**	• 1.1. Реализација на наставните планови и програми • 1.2. Квалитет на наставните планови и програми • 1.3. Воннаставни активности	• Анализа на наставните планови и програми, годишните и тематските распределенија и дневните подготовки • Увид во дневници, е-дневник, педагошка евиденција, годишна програма, нормативни акти, записници, портфолија и извештаи • Анкети со наставници и ученици и интервјуа/разговори со наставници	Согласно Акциониот план*	• Ристе Панев – координатор • Елена Сарафиновска • Оливер Петрушев • Александар Трајчев • Роберт Ѓоргиев • Ивица Митрушов	• Покренување иницијативи до БРО и ЦСОО за измена и дополнување на наставните планови и програми • Поинтензивно вклучување на ученичката заедница во проекти и секции • Унапредување на меѓупредметната интеграција во наставата
Подрачје 2 **Постигања на учениците**	• 2.1. Постигања на учениците • 2.2. Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици • 2.3. Повторување на учениците	• Анализа на годишни, тематски и дневни подготовки, записници од стручни активи и инструменти од посетени часови • Увид во портфолија, педагошка евиденција, е-дневник, матични книги и годишни статистички извештаи • Анкети со стручната/педагошката служба, наставници, родители и ученици	Согласно Акциониот план*	• Зојица Митрева – координатор • Ангел Андроников • Марија Јорданова • Бојанка Ефремовска • Маринела Зафирова Стоилевска • Тодор Јованов	• Навремена дополнителна настава за учениците со послаб успех по првиот класификационен период • Воспоставување систем за следење на учениците кои го завршиле училиштето • Рана идентификација и работа со надарени и талентирани ученици • Интензивирање на работата со учениците со голем број изостаноци и нивните семејства
Подрачје 3 **Учење и настава**	• 3.1. Планирања на наставниците • 3.2. Наставен процес • 3.3. Искуства на учениците од учењето • 3.4. Задоволување на потребите на учениците • 3.5. Оценувањето како дел од наставата • 3.6. Известување за напредокот на учениците	• Анализа на годишни и тематски планирања, дневни подготовки, записници, акциони планови и извештаи од обуки • Увид во педагошка документација, ученички досиеја, евиденција на стручната служба и записници од родителски средби • Разговори/интервјуа со педагог, наставници, класни раководители и стручна служба • Прашалници/анкети со наставници, ученици и родители	Согласно Акциониот план*	• Оливера Лазева-Митева – координатор • Ивана Спасева • Кристијан Насевски • Соња Трајкова • Ацо Атанасов • Марјан Кировски	• Опремување на училниците со смарт табли и аудио-визуелни средства • Подобрување на интерактивноста и примена на нови наставни форми, методи и техники • Стекнување знаења со поголема практична применливост преку реални примери и вежби
Подрачје 4 **Поддршка на учениците**	• 4.1. Севкупна грижа за учениците • 4.2. Здравје • 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците • 4.4. Следење на напредокот	• Анализа на годишната програма, правилници, Куќен ред, програми на директорот, стручната служба и класните раководители и годишни извештаи • Увид во педагошка евиденција, е-дневник и индивидуални податоци за напредокот на учениците • Интервјуа со директорот и стручната служба и разговори со наставници	Согласно Акциониот план*	• Наташа Бошкова – координатор • Зоран Стојановски • Горан Тасев • Горан Мијалковски • Емина Петкова	• Зајакнување на работата на стручната служба во насока на кариерно советување • Континуирано стручно усовршување на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби • Воспоставување безбедна и хармонична средина за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес
Подрачје 5 **Училишна клима и односи во училиштето**	• 5.1. Училишна клима и односи во училиштето • 5.2. Промовирање на постигањата • 5.3. Еднаквост и правичност • 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница	• Анализа на годишната програма и извештај, законски и интерни акти, педагошка евиденција, дневници и статистички извештаи • Анализа на записници и други докази за соработка и промовирање на постигањата • Интервју со стручната служба и анкети со наставници, ученици и родители	Согласно Акциониот план*	• Сања Данева – координатор • Сунчица Здравкова • Надица Кузелова Јованова • Христина Салтирова • Василка Голубова • Валентина Тодевска Тричковски	• Зголемување на учеството на родителите во училишните активности, проекти и настани • Поактивно вклучување на учениците во донесување одлуки што го засегаат училишниот живот • Подобро промовирање на личните и училишните постигања во поширокаата јавност

Области на евалуација	Стандарди/ индикатори	Методи и инструменти	Временска рамка	Одговорни членови од комисијата	Забелешки / приоритетни мерки
Подрачје 6 Ресурси	• 6.1. Сместување и просторни капацитети • 6.2. Наставни средства и материјали • 6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар • 6.4. Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар • 6.5. Финансиско работење во училиштето	• Анализа на годишната програма, распоредот на часови, записници од стручни активи, пописни листи и библиотечна евиденција • Увид во досиеја на вработени, правилник за систематизација и програма за професионален развој • Анализа на записници и одлуки на Училишниот одбор и реализацијата на јавните набавки • Интервјуа/разговори со директор, наставници, секретар, стручна служба, ученици и Совет на родители; прашалници со наставници и ученици	Согласно Акциониот план*	• Ангела Маркова – координатор • Јасмина Јованчева • Ленче Трајкова • Игор Манев • Силвија Накова	• Изработка на проекти за спортска сала и делумно реновирање на двете училишни згради • Набавка на компјутери и нагледни средства и опремување на кабинетите по стручните предмети • Обезбедување соодветни просторни услови за спорт и спортски активности
Подрачје 7 Управување, раководење и креирање политика	• 7.1. Управување и раководење со училиштето • 7.2. Цели и креирање на училишната политика • 7.3. Развојно планирање	• Анализа на Деловникот, Статутот, записници, одлуки и извештаи на Училишниот одбор, самоевалуацијата и развојниот план • Анализа на годишната програма, програмите на директорот и стручните соработници и записниците од раководниот и Наставничкиот совет • Интервјуа со Училишниот одбор и директорот и анкети со наставници, ученици и родители	Согласно Акциониот план*	• Марија Костадинова – координатор • Тодор Димов • Маја Гелева • Александра Стојковска • Биљана Трајанова • Влатко Цеков	• Подобрување на транспарентноста на работата на Училишниот одбор преку редовно објавување на одлуките и заклучоците • Интензивирање на соработката со сродни училишта во земјата и странство преку проекти за размена
Подрачје 8 Соработка со пазарот на труд	• 8.1. Технички аспекти на реализација на УПР • 8.2. Имплементација и ефекти од практичната обука • 8.3. Степен на задоволство на вклучените страни • 8.4. Стекнати вештини, пречки и препораки	• Анализа на Концептот и упатствата за УПР и феријална пракса, законите, програмата на координаторот, годишната програма и наставните планови • Увид во меморандуми и договори со компании, дневници за УПР, педагошка евиденција и годишни/квартални извештаи • Прашалници за наставници, ученици, родители и работодавачи и повратни информации од менторите • Триангулација на педагошката и административната евиденција со анкетните наоди	Согласно Акциониот план*	• Јасмина Тодосовска – координатор • Славјанка Тренчева • Билјана Панева • Благица Петрова • Билјана Миланова	• Јакнење на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за практичната обука • Иницијативи кај работодавачите за стипендии, топол оброк и превоз за учениците на пракса • Подобрување на соработката со научни институции и граѓанскиот сектор

*** Забелешка за временската рамка:** во Самоевалуацијата од 2025 година е наведено дека подрачјата, индикаторите, методите, инструментите и начинот на прибирање и обработка на податоците се утврдуваат со Акционен план, но не се наведени конкретни месеци или рокови по подрачја. Поради тоа не се внесени произволни датуми.

Користење и информирање за резултатите: по анализата се утврдуваат јаките и слабите страни и приоритетите за развој. Поединечните извештаи се усогласуваат во заеднички извештај, а резултатите се доставуваат/презентираат пред Наставничкиот совет, Советот на родители, директорот, Училишниот одбор и основачот.

Извор: Самоевалуација на СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе, 2025 година.

8 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Како и секоја година, така и оваа година, учениците од нашето училиште имаа можност да бидат вклучени во планирање и реализација на воннаставни активности од најразлични категории. Воннаставните активности се реализираат со цел за поттикнување и развивање на креативниот дух и оригиналноста кај секој ученик, како и насочување кон неговите приоритети и интереси. Сето ова резултира кон насочување на учениците кон понатамошниот пат за учење и развивање на себе си и своите лични способности, ориентации и приоритети.
Во текот на учебната 2025/2026 година се организираа и изведуваа повеќе спортски, културни, литературни, музички и ликовни активности со најразлична тематика во кои учениците земаа активно учество како во нивната подготовка , така и во нивната реализација. На тој начин учениците размислуваат, креираат, се развиваат и го дополнувааат својот потенцијал , истакнувајќи ја сопствената личност на најдобар начин.
Со се поголемата вклученост на учениците во воннаставните активности, се создава подобра училишна клима, се развива натпреварувачкиот дух и пријателска сплотеност меѓу учениците.
Всушност, слободните ученички активности и најмногу ги изразуваат интересите, афинитетите и творечките способности на учениците и уште повеќе помагаат во нивното развивање.
Во рамките на воннаставните активности училиштето се почесто ги користи придобивките од ERASMUS+ програмата веќе неколку години наназад. Имено, се повеке и повеќе ученици, како и наставници од училиштето се вклучуваат во ERASMUS+ програмата и земаат активно учество во реализирање на нејзини проекти на најразлични актуелни теми, како во европските земји , така и во нашата земја.

9 НАТПРЕВАРИ

Целта на натпреварите е:

– да ги поттикнат учениците за проширување на нивните знаења;

– да развиваат вештини и способности за примена на знаењата ;

– да побудат кај учениците поголем интерес за образовниот процес;

– да послужат како средство за откривање на талентираните ученици за натпревари од повисок ранг, како и за други манифестации кои се од интерес за развивање на нивните способности од повеќе науќни области во нашата средина;

– да го развиваат натпреварувачкиот дух кај учениците;

– да придонесуваат за продлабочување на соработката меѓу менторите и

– да придонесат за меѓусебно запознавање и зближување на учениците од различни средини во Република Северна Македонија.

Еден циклус, кој покрива една учебна година, опфаќа три нивоа на натпреварување: општински, регионален и државен натпревар Во прилог следи табеларен приказ на учениците кои учествуваа на натпревари во изминатата 2025/2026 година:

Вид на натпревар	Период на одржување	Предмет	Освоена награда - постигнувања	Учесници	Ментор

Регионален	*05.02.2026 год.*	*Географија*	*1 место – Анабела Кировска* *2 место - Марија Соколова* *1 место – Душица Стојчевска* *2 место – Иван Конев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* *Марија Соколова* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Оливера Лазева-Митева*
Државен	*26.03.2026 год.*	*Географија*	*Учество – Анабела Кировска* *Учество - Марија Соколова* *1 награда – Душица Стојчевска* *2 награда – Иван Конев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* *Марија Соколова* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Оливера Лазева-Митева*
Општински	*Февруаари 2026*	*англиски јазик*	*3 место – Глигорија Јанева* *3 место - Марија Соколова* *3 место – Дарко Јованов* *2 место – Сара Арсевска*	***Прва година*** *Глигорија Јанева* *Марија Соколова* ***Втора година*** *Дарко Јованов* *Сара Арсевска*	*Аџо Атанасов*
Регионален	*Март 2026*	*англиски јазик*	*Учество – Глигорија Јанева* *Учество - Марија Соколова* *Учество– Дарко Јованов* *Учество – Сара Арсевска*	***Прва година*** *Глигорија Јанева* *Марија Соколова* ***Втора година*** *Дарко Јованов* *Сара Арсевска*	*Аџо Атанасов*
Општински	*16.03.2026 год.*	*Италијански јазик*	*1 место – Марија Соколова* *2 место - Анабела Кировска* *1 место – Сара Арсевска* *2 место – Дејвид Блажев* *1 место – Душица Стојчевска* *2 место – Иван Конев*	***Прва година*** *Марија Соколова* *Анабела Кировска* ***Втора година*** *Сара Арсевска* *Дејвид Блажев* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Сања Данева*
Регионален	*22.04.2026 год.*	*Италијански јазик*	*1 место – Марија Соколова* *2 место - Анабела Кировска* *1 место – Сара Арсевска* *2 место – Дејвид Блажев* *1 место – Душица Стојчевска* *2 место – Иван Конев*	***Прва година*** *Марија Соколова* *Анабела Кировска* ***Втора година*** *Сара Арсевска* *Дејвид Блажев* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Сања Данева*

Државен	*12.05.2026 год.*	*Италијански јазик*	*Учество – Анабела Кировска* *Учество – Сара Арсевска* *Учество – Дејвид Блажев* *Учество – Душица Стојчевска* *Учество – Иван Конев* *3 место – Марија Соколова*	***Прва година*** *Марија Соколова* *Анабела Кировска* ***Втора година*** *Сара Арсевска* *Дејвид Блажев* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Сања Данева*
Училиштен натпревар	*24.02.2026*	*Англиски јазик*	*1 место – Теофил Јанев* *2 место – Душица Стојчевска*	***Трета година*** *Теофил Јанев* *Душица Стојчевска* *Ива Ангелова* *Ана Владева* *Андреј Нацев* *Емил Радончиќ*	*Надица Кузелова Јованова*
Општински	*14.03.2026*	*Англиски јазик*	*2ра награда – Теофил Јанев* *3та награда – Душица Стојчевска*	***Трета година*** *Теофил Јанев* *Душица Стојчевска*	*Надица Кузелова Јованова*
Регионален	*18.04.2026 год.*	*Англиски јазик*	*2ра награда – Теофил Јанев* *2ра награда – Душица Стојчевска*	***Трета година*** *Теофил Јанев* *Душица Стојчевска*	*Надица Кузелова Јованова*
Државен	*09.05.2026 год.*	*Англиски јазик*	*2ра награда – Теофил Јанев* *2ра награда – Душица Стојчевска*	***Трета година*** *Теофил Јанев* *Душица Стојчевска*	*Надица Кузелова Јованова*
Регионален	*27.03.2026*	*Биологија*	*1 награда – Анабела Кировска* *1 награда– Душица Стојчевска* *1 награда– Иван Конев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Ристе Панев*
Државен	*09.05.2026*	*Биологија*	*Пофалница– Анабела Кировска* *Учество – Душица Стојчевска* *Пофалница – Иван Конев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* ***Трета година*** *Душица Стојчевска* *Иван Конев*	*Ристе Панев*
Општински	*13.02.2026 год.*	*Биологија*	*1 награда – Давид Младенов* *- Искра Јованчева* *- Сара Арсевска* *2 награда-Теа Димкова* *-Дејвид Блажев* *- Зафир Санев*	***Втора година*** *Давид Младенов* *Искра Јованчева* *Сара Арсевска* *Теа Димкова* *Дејвид Блажев* *Зафир Санев*	*Јасмина Јованчева*
Регионален	*27.03.2026 год.*	*Биологија*	*1 награда –Искра Јованчева* *-Теа Димкова* *-Давид Младенов* *2 награда – Дејвид Блажев* *-Сара Арсевска* *-Зафир Санев*	***Втора година*** *Давид Младенов* *Искра Јованчева* *Сара Арсевска* *Теа Димкова* *Дејвид Блажев* *Зафир Санев*	*Јасмина Јованчева*

Државен	*09.05.2026 год.*	*Биологија*	*Пофалница за учество* *-Давид Младенов* *-Сара Арсевска* *-Зафир Санев* *Трета награда-Искра Јованчева* *-Теа Димкова*	***Втора година*** *Давид Младенов* *Искра Јованчева* *Сара Арсевска* *Теа Димкова* *Дејвид Блажев* *Зафир Санев*	*Јасмина Јованчева*
Општински	*20.02.2026 год.*	*Хемија*	*1 место – Иван Донев I награда* *2 место - Анабела Кировска III награда* *3 место – Марија Соколова III награда* *1 место – Зафир Санев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* *Марија Соколова* *Иван Донев* ***Втора година*** *Зафир Санев*	*Ангел Андроников*
Регионален	*16.04.2026 год.*	*Хемија*	*1 место – Анабела Кировска II награда* *2 место - Марија Соколова III награда* *3 место – Иван Донев III награда* *3 место – Зафир Санев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* *Марија Соколова* *Иван Донев* ***Втора година*** *Зафир Санев*	*Ангел Андроников*
Државен	*14.05.2026 год.*	*Хемија*	*Учество – Анабела Кировска* *3 награда – Зафир Санев*	***Прва година*** *Анабела Кировска* ***Втора година*** *Зафир Санев*	*Ангел Андроников*

Вид на натпревар	**Период на одржување**	**Предмет/област**	**Освоена награда - постигнувања**	**Учесници**	**Ментор**
Регионален	2026 год.	Хортикултурни вештини-изработка на икебана - полумесечина	1 место – Јованче Трајков	**Втора година**	Благица Петрова
Државен	2026 год.	Хортикултурни вештини-изработка на икебана - полумесечина Хирургија-шиење на рана	3 место-Јованче Трајков 1 награда – Давор Ванев	**Втора година** **Четврта година**	Благица Петрова Владо Јованов

10 ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места кои не можат да се избегнат, се посебно означени или оградени. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи во

училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство. Изготвен е Акционен план за превенција од насилство, протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите . Вработените ја знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници а по потреба и со релевантни институции .

Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето се надминуваат преку разговорите со класните раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции.

Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци. Учениците самостојно имаат изработено знаци за забрана од пушење, користење на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот.

Училиштето има изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. На учениците кои поради заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од настава, им даваме соодветна можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи.

Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користење на кариерното катче, користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни факултети, посета на отворени денови на факултетите и установите за високо опбразование и др.) за професионална информација и ориентација на учениците . Планот опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија-ЦВ, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенскиот раководител и стручните соработници. Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците.

Успехот кај учениците

Со континуирана евиденција на постигнувањата на нашите ученици добиваме целосна слика за нивната работа во текот на годините. Евиденцијата ја водат предметните наставници како и класните раководители а стручната служба располага со податоци за

постигнувањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.

11 МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО

Слабите постигања на учениците се причина за загриженост во голем број училишта. Тоа прашање е поврзано не само со ефективноста на наставата и учењето, туку и со овозможувањето на рамноправен систем на образование. Згора на ова, да се биде целосно интегриран во едно општество и да се биде во состојба да се одговори на променливите барања на конкурентската глобална економија претставува голем предизвик за голем број ученици кои сè уште не ги стекнале базичните вештини во читање, математика и природни науки.

Од аспект на наставниците, првичните регулативи наведуваат дека треба да се вклучат механизми за поддршка веднаш штом ќе се воочат тешкотии во учењето. Механизмите се однесуваат на организацијата на наставата и на курикулумот, и се состојат од индивидуална работа за време на редовните часови, флексибилно групирање или адаптирање на курикулумот. Во настава, регулативите потенцираат дека треба да се обрне внимание на различноста и да се одговори на посебните образовни потреби на учениците. Пропишаните мерки вклучуваат понуда на факултативни предмети, дополнителна помош и поддршка, адаптирање на курикулумот,флексибилно групирање и поделба на групи за дополнителна и додатна нстава.

Од аспект на стручната служба, напредокот, односно негативното постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните класни и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и класните наставници и стручните соработници. За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки.

Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наставата или несоодветно се однесувааат се поканууваат на советување од страна на класните раководители, а советувањето го спроведуваат психологот и педагогот на училиштето.

Евиденцијата за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи.

За истото тие се информираат од извештаите на класните и наставничките совети, а учениците и родителите на класните часови, односно на одржаните родителски средби и приемни денови и состаноците на Ученичката заедница.

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој(.Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по пол, предмети и етничка припадност.

На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од класниот раководител и директорот заведена во Деловникот на училиштето и ученичка книшка, писмена согласност за префрлување во друго училиште и согласност за прифаќање од другото училиште.

12 УЧЕНИЧКИ СОВЕТ

Во текот на учебната 2025/2026 година, согласно Годишната програма за работа на Ученичкиот совет, беа реализирани планираните активности насочени кон унапредување на ученичкото организирање, јакнење на демократското учество на учениците и нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето.

Како координатор на Ученичкиот совет, училишниот социолог ја координираше организацијата и работата на Советот, при што беа реализирани следните активности:

Реализирани активности

- Изработен е Правилник за организација и функционирање на Ученичкиот совет.
- Изготвена е Годишна програма за работа на Ученичкиот совет.
- Подготвен е урнек за конституирање на советите на паралелките и истиот е доставен до сите класни раководители.
- Спроведена е постапката за конституирање на Ученичкиот совет.
- Одржан е конститутивен состанок на Ученичкиот совет.
- Изготвени се известувања и записници од конститутивниот состанок.
- Усвоена е Годишната програма за работа на Ученичкиот совет.
- Спроведена е постапката за избор на претседател и останатите тела на Ученичкиот совет, при што е изготвена соодветна документација.
- Одржани се повеќе работни и информативни состаноци со претставниците на Ученичкиот совет за координација на активностите и реализација на програмските задачи.
- Ученичкиот совет активно учествуваше во активностите поврзани со проектот „Безбедна училишна средина“.

- Подготвено е известување за избор на ученички правобранител.
- На состанок на Ученичкиот совет беа утврдени прашањата за анкетното истражување за училишната клима.
- Формирана е Комисија за спроведување на изборот на ученички правобранител.
- Спроведена е целокупната постапка за демократски избор на ученички правобранител преку тајно гласање на сите ученици во училиштето.
- Изготвен е записник за изборот и донесена е одлука за избор на ученички правобранител.

Постигнати резултати

Со реализацијата на наведените активности се обезбеди успешно функционирање на Ученичкиот совет во текот на учебната година. Учениците активно учествуваа во донесувањето иницијативи и предлози, се зајакна демократското организирање во училиштето, а преку изборот на ученички правобранител и учеството во активности за безбедна училишна средина дополнително се унапреди ученичката партиципација и заштитата на ученичките права.

Заклучок

Реализираните активности придонесоа за подобра комуникација помеѓу учениците, раководството на училиштето и стручната служба, како и за развој на демократската култура, одговорноста и активното учество на учениците во животот и работата на СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе. Поставените цели од Годишната програма за работа на Ученичкиот совет во најголем дел се реализирани, а стекнатите искуства претставуваат добра основа за понатамошно унапредување на работата на Советот.

13 МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на учебната 2025/2026 година во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието беа реализирани активности во соработка со партнер училиштето СУГС „Браќа Миладиновци“ – Скопје.

- Реализација на заеднички ученички средби и работилници;
- Работа во мешани ученички групи и поттикнување на меѓусебна соработка;
-Активности насочени кон развивање толеранција, емпатија и почитување на различностите;
-Реализација на активности од областа на младинската благосостојба и менталното здравје;
- Размена на искуства и поттикнување меѓусебна поддршка меѓу учениците;
- Развивање позитивна комуникација и интеркултурен дијалог.

Активностите се реализираа во рамките на грантот од Министерството за образование и наука, во тематската област „Младинска благосостојба и ментално здравје“. Со реализираните активности се придонесе кон унапредување на меѓуетничката интеграција, толеранцијата и создавање позитивна и инклузивна училишна средина.

14 ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

ЕКО - СТАНДАРДИ 2025/2026
ЕКО –СТАНДАРД 1

Изјава	ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА
Полиса	Рационално користење на електрична и топлинска енергија
Цели	Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во период од 01.септември – 10 јуни во споредба со претходната година
Точки на акција	1.Замена на сите светилки со енергетско штедливи светилки. 2. Санирање или замена на прозорците и вратите. 3. Редовно чистење на прозорците, заради максимално искористување на сончевата енергија.
Индикатори	1. Број на енергетско штедливи светилки во зградата. 2.Број на санирани или заменети со нови, врати и прозорци. 3.Чисти прозорци.

ЕКО –СТАНДАРД 2

Изјава	**ЗАШТЕДА НА ВОДА**
Полиса	Рационално користење на водата во училиштето

Цели	Намалување на потрошувачката на вода за 10% во период од 01.септември до 10 јуни во споредба со претходната година
Точки на акција	1.Анализа на состојбата на водоводната инсталација (цевки, славини, казанчиња и слично). 2.Замена и санирање на сите нефункционални чешми во зградата. 3.Замена и санирање на старите тоалетни казанчиња со нови штедливи тоалетни казанчиња. 4. Истакнување на упатства за рационално користење на водата.
Индикатори	1. Број на нови и санирани чешми (сензорски, автоматски со педали и слично). 2. Број на истакнати упатства за рационално користење на водата.

ЕКО –СТАНДАРД 3

Изјава	**ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО**
Полиса	Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење.
Цели	Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето.
Точки на акција	1. Ослободување од непотребните предмети во зградата(скршени клупи, саксии, вазни, табли, стари и исушени цвеќиња и сл.) 2. Чистење на ходниците(по секоја смена), канцеларии, училници и фискултурни сали(соблекувални, санитарни јазли, и сл) со различни крпи. 3.Чистење на ходници, канцеларии, училници, и фискултурни сали со еколошки или нетоксични средства. 4. Разубавување на ходниците, канцелариите и училниците со цвеќиња.

Индикатори	1. Извештај за бројот на отстранети непотребни предмети во зградата. 2. Број на добро одржани саксиски цвеќиња.

ЕКО –СТАНДАРД 4

Изјава	**УРЕДЕН И ЕКОЛОШКИ ДВОР**
Полиса	Уреден и функционален двор кој е во согласност со потребите за заштита на животната средина
Цели	Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кој престојуваат во училиштето.
Точки на акција	1. Одстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот(исушени цвеќиња, скршени клупи, скршени корпи и сл.). 2. Садење на локални дрвја на секои 5м2. 3. Садење на листопадни дрвја на соодветна локација кои во лето ќе служат како заштита од сонцето а во зима ќе ја пропуштаат светлината. 4. Садење на локални цвеќиња. 5.Оградување на дворот со жива ограда и поставување клупи. 6. Поставување и означување на корпи за органско ѓубре, за хартија и за пластика. 7. Редовно чистење на дворот. 8. Одржување на зеленилото (редовно кастрење на зеленилото и косење на тревата).
Индикатори	1. Извештај за бројот на отстранети непотребни предмети и растенија во дворот. 2. На 5м2 засадени локални дрвја (во зависност од големината на дворот). 3. Број на правилно засадени листопадни дрвја пред прозорците на училниците , засадени на соодветно растојание.

	4. Број на засадени цвеќиња. 5. Чист и уреден двор

Поврзување на еколошката програма со редовната настава

Еко стандардите т.е. стандардите за одржлив развој се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати.
Во учебната 2025/2026 година сите наставници вклучија теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и содржини наставниците ги поврзаа еколошките теми- содржина со нивната наставна програма.

15 ЕКО АКТИВНОСТИ – активности на Еко одборот

За одржување на хигиената во училиштето и училишните дворови беа организирани неколку мали и една поголема акција во мај 2026. Еко одборот заедно со учениците и наставниот кадар изврши повеќе акции во есен 2025 и на пролет 2026.

Пред влезовите на гимназијата и стручното училиште беа исечени стари дрвја и посадени дрвја како и хортикултурно уредување под назор на стручниот наставен кадар.

Направени беа и акции за чистење на сметот околу зградите на училиштата ,дворовите и игралиштата.

Посебно се истакнаа некои ученици како добри еко активисти кои несебично дадоа свој личен придонес.

Во рамките на на националната еколошка акција за чистење на Македонија меѓу 8 и 10 Мај ,,Генералка Викенд”2026 и нашето училиште зема активно учество со активно учество на учениците и наставниот кадар.(се одржа на 8 мај)

Од страна на наставниот кадар,стручните активи се направени планови за подигање на еколошката свест и активност на учениците за одржување на училишните дворови и згради за подобри услови за воспитно образовната работа.

Сепак за целосно реализирање на плановите се потребни финансиски ресурси, но во соработка со локалната самоуправа и други организации во иднина би се пристапило кон

конечна реализација на замислените планови од страна на наставниците и учениците за добро уредени училишни дворови.

Еден од условите за одржување на зелените површини е и наводнувањето па потребно е да се извршат бушотини во дворовите на училиштето и доколку има вода би се намалиле сметките за вода од јавниот водовод.

16 ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Во текот на учебната 2025-2026година се спроведени и реаризирани следниве превентивни програми:

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ ЛИЦА/УЧЕНИЦИ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
Издвојување на карактеристични случаеви во биофизичкиот, психички и социјален развој кај учениците	Стручна служба/класни раководители	Септември
Дистрибуција и презентација на куќниот ред на училиштето	Стручна служба	Септември
Анкетно истражување и анализа од истото: Причини за нередовноста во СОУ "Кочо Рацин" од страна на учениците	Училишен Социолог	Септември – Октомври
Изготвен и дистрибуиран едукативен материјал на тема "Сексуално преносливи болести" за учениците	Училишен Социолог	Ноември ОЖВ
Изготвена реализирана и анализирана анкета со учениците на тема зависности	Училишен Социолог	Ноември
Реализирани активности со учениците предвидени со проектот ”Безбедна училишна средина”	Училишен Социолог	Ноември
Изготвен и дистрибуиран едукативен материјал од областа на Антикорупцијата и механизми во борбата со истата.	Училишен Социолог/класни раководители	Ноември ОЖВ
Едукативна работилница со учениците од четвртите години на тема трговија со луге	Училишен Социолог	Декември

Изготвен едукативен материјал на тема болести на зависност со посебен акцент на - Зависност од никотин (тема која се наметна по добиените резултати од анкетното истражувавање за зависностите)	Училишен Социолог/класни раководители	Декември ОЖВ
Едукативен материјал по повод светскиот ден на борбата со ХИВ – СИДА	Училишен Социолог/класни раководители	Декември ОЖВ
Презентација на едукативен филм на учениците од прва година стручно образование наменет за превенција од булинг во образовниот процес	Училишен Социолог	Јануари
Едукативна работилница со учениците од прва година и втора година стручно образование на тема малолетнички бракови.	Училишен социолог , Организација на жени на општина Свети Николе , инспектор за превенција од ПС Свети Николе и едукатор од ЦСР Свети Николе	Февруари
Две едукативни работилници со учениците од прва година на тема меѓуврсничко насилство во рамките на проектот безбедна училишна средина	Училишен Социолог	Март
Едукативен материјал за завршните паралелки:"Професионална ориентација на матурантите "- желби и можности за студирање	Училишен Социолог/класни раководители	Март
Едукативни работилници со учениците од прва години на тема трговија со луге и презентација на краткометражен едукативен филм	Училишен Социолог	Април
Едукативен час- Мојот идентитет	Класни раководители - ОЖВ	01.09.2025
Едукативен час- Одговорности и привилегии	Класни раководители - ОЖВ	03.11.2025
Едукативен час- Фактори на здравје	Класни раководители - ОЖВ	24.11.2025
Едукативен час - Каква врска има алкохолот со љубовта?	Класни раководители - ОЖВ	29.12.2025
Едукативен час - Авторитети, родители	Класни раководители - ОЖВ	02.03.2026

Едукативен час - Врснички групи	Класни раководители - ОЖВ	16.03.2026
Едукативен час - Кој и зошто ни врши притисок?	Класни раководители - ОЖВ	30.03.2026
Едукативен час - Човекови права за сите	Класни раководители - ОЖВ	20.04.2026
Едукативен час - Индивидуални или колективни права	Класни раководители - ОЖВ	27.04.2026
Едукативен час - Електронска заштита	Класни раководители - ОЖВ	01.06.2026
Работилница Превенција од зависности.	Локален совет за превенција од деттско престапништво при Општина Св.Николе,Стручна служба	11.12.2025

17 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Учебна 2025/2026 година

1. Вовед

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани активности за следење, анализа и унапредување на училишната клима во СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе.

Целта на активностите беше да се добијат релевантни податоци за перцепцијата на учениците за условите во училиштето, квалитетот на наставата, меѓучовечките односи, безбедноста, поддршката од наставниците и стручната служба, како и за материјално-техничките услови.

Истражувањето беше реализирано од страна на училишниот социолог преку анонимно анкетирање на учениците од гимназиското и стручното образование. По обработката на резултатите беа изготвени посебни анализи, заклучоци и препораки за двата образовни профили.

2. Реализирани активности

Во текот на учебната година беа реализирани следните активности:

- изработка на инструмент (анкетен прашалник) за проценка на училишната клима;
- анонимно анкетирање на учениците од гимназиското и стручното образование;

- обработка и анализа на добиените резултати;
- подготовка на извештаи за состојбата на училишната клима;
- презентирање на резултатите пред директорот и стручната служба;
- изготвување препораки за подобрување на условите за работа и учење;
- планирање мерки за унапредување на училишната клима во наредниот период.

3. Клучни наоди од анкетното истражување

3.1. Стручно образование

Анализата на резултатите покажа дека учениците имаат позитивен став кон училиштето и изразуваат висок степен на доверба во воспитно-образовниот процес. Особено позитивно се оценети односот на наставниците, достапноста на стручната служба и поддршката од вработените.

Истражувањето покажа дека училиштето претставува безбедна средина за учениците, при што случаите на посериозно насилство се ретки. Учениците високо ја вреднуваат практичната настава и стекнувањето практични вештини.

Од друга страна, како области што бараат унапредување се издвојуваат материјално-техничките услови, особено ИТ-опремата, хигиената, условите за греење и спортската инфраструктура. Дел од учениците укажуваат и на потребата од дополнителна подготовка за полагање државна матура и продолжување на високото образование.

3.2. Гимназиско образование

Резултатите покажуваат дека учениците воспоставуваат добри меѓусебни односи и ја оценуваат училишната средина како безбедна и поддржувачка.

Најголем дел од забелешките се однесуваат на материјално-техничките услови, особено хигиената, греењето, информатичката опрема и интернет-пристапот.

Учениците истакнуваат потреба од поголема застапеност на практични активности, истражувачка настава и подобра подготовка за студирање.

4. Преземени мерки

Врз основа на добиените резултати, училиштето планира и реализира активности насочени кон:

- подобрување на училишната клима и меѓучовечките односи;
- унапредување на безбедноста во училиштето;
- организирање превентивни работилници за насилство, дискриминација и сајбер безбедност;
- развивање активности за промоција на добросостојбата на учениците;
- јакнење на советодавната работа на стручната служба;

- подобрување на комуникацијата помеѓу учениците, наставниците и родителите;
- унапредување на професионалната ориентација на учениците;
- континуирано следење на училишната клима преку анкети и евалуации.

5. Препораки

Врз основа на анализата на резултатите, се предлага:

- постепено подобрување на материјално-техничките услови за работа;
- континуирано обновување на информатичката опрема и подобрување на интернет-пристапот;
- подобрување на хигиенските услови и условите за греење;
- унапредување на спортската инфраструктура;
- зголемување на практичната настава и активните методи на учење;
- организирање активности за кариерно советување и професионална ориентација;
- продолжување на превентивните програми за безбедност, добросостојба и спречување на насилство;
- континуирано следење на мислењата и потребите на учениците преку анкетни истражувања.

6. Заклучок

Спроведеното анкетно истражување покажа дека во СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе постои позитивна училишна клима, добри меѓучовечки односи и високо ниво на доверба помеѓу учениците и наставниците.

Истовремено, резултатите укажуваат на потреба од континуирано подобрување на материјално-техничките услови и понатамошно унапредување на воспитно-образовниот процес преку современи наставни методи, советодавна работа и поголема вклученост на учениците во училишниот живот.

Добиените сознанија ќе претставуваат основа за планирање на идните активности и мерки за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и за создавање безбедна, инклузивна и поддржувачка училишна средина.

18 ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Име и презиме	Име на обуката/ проектот	Период на реализација	Краток опис
	Едукација и советување-Запознавање со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите	27.11.2025г. Штип	
	Проект КА 121 ВЕТ-Акредитирани	01.03.2026-13.03.2026г.	

Ристе Панев	проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука со регистарски број 2025-1-МК 01-КА121-ВЕТ-000307851 од програмата ЕРАЗМУС +	Катерини Грција	
	Обука за одржливо и инклузивно образование ЕРАЗМУС+ ,КА122 ВЕТ	12.04.2026-23.04.2026г Катерини Грција	
Марија Костадинова	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	Септември 2025г.	
Аце Трајчев	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	Ноември 2025г.	
Александра Стојковска	Проект КА 121 ВЕТ-Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука со регистарски број 2025-1-МК 01-КА121-ВЕТ-000307851 од програмата ЕРАЗМУС +	01.03.2026-13.03.2026г. Катерини Грција	
Ангел Андроников	Едукација и советување-Запознавање со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите	27.11.2025г. Штип	
	Проект КА 121 ВЕТ-Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука со регистарски број 2025-1-МК 01-КА121-ВЕТ-000307851 од програмата ЕРАЗМУС +	01.03.2026-13.03.2026г. Катерини Грција	
Владо Јованов	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025г.	
	Применети знаења-ИКТ основно ниво	25.11.2025г.	
Јасмина Јованчева	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025г.	
	Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонаризирана настава	Ноември 2025г.	
	Зборовна Битка	30.01.2026г.	
Маја Гелева	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици		
Маја Гелева	Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонаризирана настава		
Горан Тасев	Erazmus + ”Културна свест и социјална инклузија преку драмски уметности”.	10-17.03.2026година во Р.Романија	

Јордан Манев	Модуларно дизајнирани наставни програми и планирања Дигитализација во наставата		
Тодор Димов	Selfie for teachers Cyber bezbednost Обука за нови наставни планови Интеркултурно образование Nansen дијалог центар Насилство во училиштата	British concil Меѓаши	
Бојанка Ефремовска	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025г.	
Јасмина Тодосовска	Воведна обука за кариерно советување во средните училишта Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците(приоритетна програма) Напредни техники и алатки за кариерно советување за индивидуално насочување и поддршка на учениците	17.11.2025 6.10.2025 18.05-20.05.2026	
Билјана Панева	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025г.	
	Применети знаења – основно ниво	25.11.2025 ЕДУЛАБ	
	Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество	10.12.2025	
Сања Данева	*Go Beyond Prompts: Create a Custom AI Assistant with ChatGPT*	27.10.2025„АИ во училница“	

	The Future of Recruitment with AI:	03.10.2025 „АИ во училница“	
	How companies use AI to hire, and how to stand out	07.10.2025 „АИ во училница	
	Writing with AI: A Practical Guide to Better Blogs & Articles	16.10.2025 „АИ во училница“	
	Build Better Presentations, Faster: Designing Slides with AI and Canva vs AI and Gamma	17.10.2025 „АИ во училница“	
	AI Image Generation for Beginners: Create Graphics with Google Gemini (Nano Banana)	21.10.2025 „АИ во училница“	
Ангела Маркова	Начинот на примена на оценувањето на тестовите од екстерниот дел на државната матура	Март 2026	
Оливера Л.Митева	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025	
Кристијан Насевски	Политика за заштита на децата Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025	
Елена Сарафиновска	Be online in smart way take the opportunitities, be aware of the risk Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество	Youthpass- Youth 24.09.-02.10.2025	
	Зборовна битка (промоција на безбедна училишна средина) Сенки што зборуваат (промоција на безбедна училишна средина)	10.12.2025 Едулаб 30.01.2026 Смарт АП	

Зојица Митрева	Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	25.09.2025	
	Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците(приоритетна програма)	6.10.2025	
	Истражување на кариерните можности во сајбер безбедноста и зајакнување на дигиталната иднина	7.10.2025	
	Онлајн обука за Safequarding-тест	9.10.2025	
	Кариерно советување –он лајн	20.10.2025 British Consil	
	Едукација и советување-запознавање со одредбите од законот за заштита на потрошувачите	17.11.2025 МОН	
	Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество	27.11.2025 БРО	
	Камп за сајбер безбедност за средношколци Напредни алатки за кариерно советување и индивидуално насочување и поддршка на учениците	10.12.2025 Едулаб 13-15.02.2025 British Consil	
Христина Салтирова	Вебинар- Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество	10.12.2025 Безбедна училишна средина	

	Учество на национална конференција за наставници	20.11.2025 LEAD клуб на наставници	
Ивана Спасева	Erasmus+Youth Exchange-Sports for mental resilience	31.10-08.11.2025 Busteni Romania	
	Поттикнување одрлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици	Септември 2025 Академија Цес, БРО	
Сања Данева	*Excel with AI:Turn Data into Insights, Fast*	28.10.2025	
	How to Use AI Technical Tools When You're Non-Technical	31.10.2025	
	Advanced Prompting for Smarter AI Use	05.11.2025	
	Practical AI Workshop: AI for outreach: write faster, personalize better	07.11.2025	
	AI Scams and Deepfakes: A Practical Guide to Staying Safe and Protecting Your Privacy in the Age of AI	12.11.2025	
	AI for Fast Prototyping: Figma AI & Figma Make	14.11.2025	
	Build Your Own FAQ Bot	17.11.2025	
	Smarter Documents with AI: Docs Made Easy	20.11.2025	
	AI Analytics in Microsoft 365: Power BI, Copilot and Viva Insights	25.11.2025	
	Get Started with M365 Copilot: AI for Your Daily Tasks	27.11.2025	
	Forecasting with AI - From Quick Insights to Strategic Predictions	02.12.2025	
	Mastering ChatGPT: Practical Skills for High-Impact AI Workflows	04.12.2025	
	The E-commerce agent: how AI shops, compares & recommends	11.12.2025	
	Full-Stack Recruiting in the Age of AI	16.12.2025	
	Beyond the Hype: A Business First Approach to AI for	19.12.2025	
	Deploy Your FAQ Bot - Web & Internal Channels	20.12.2025	
	The State of AI Today and What's on the Horizon for 2026	23.12.2025	

	Your AI Vision Board for 2026	23.12.2025	
	Grounded AI with Notebook LM	12.01.2026	
	L'utilizzo dell'intelligenza artificiale nella didattica dell' italiano L2/LS	31.01.2026	
	„Генеративна вештачка интелигенција во образование"ИНОФЕИТ ЕДИХ	04.02.2026	
	Foundations of AI Literacy Academy	09.02.2026	
	From messy document-Ai template-Stndardized output	25.02.2026	
	Meta-prompting: Designing prompts that think, adapt, and improve	02.03.2026	
	Build simple work tools with Claude	06.03.2026	
	Practical AI Implementation Academy	19.05.2026	
	„Уметноста има став 2026"„Хана – центар за едукација и уметност"	17.05.2026	

19 ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА

-во животот и работата на училиштето, процесот на учење, активностите во училиштето, донесувањето на одлуки, градењето училишна политика

Училиштето е место каде што се случуваат важни работи во животот на нашите ученици и затоа нашето училиште вложува напори за успешно вклучување на родителите во процесот на созревање, учење да се биде дел од поширокатa заедница, учење на соработка, критика, градење став, препознавање на вредности, развој на способности т.е градење на зрели, активни и одговорни личности во едно граѓанско и мултикултурно општество.

Советот на родители во нашето училиште оваа година одржа седум состанока во насока на следење на воспитно образовната работа во училиштето со цел унапредување на воспитно образовниот процес на учениците, избор на член во училишниот одбор на училиштето, како и успешно реализирање на завршната ученичка екскурзија која според најновите законски измени во голема мера е во надлежност на родителскиот совет.

Во делот на соработката со родителите останува реализирањето на родителските средби на кои родителите беа запознаени со наставните планови и програми по години, куќниот ред на училиштето, начинот на задолжување на учебници, осигурувањето на учениците, начинот на избор на проектни активности, избор на родители за совет на родители, постигањата во делот на оценувањето како и редовноста и дисциплината по класови. Во четврта година поголем акцент се стави на информираноста околу правилното и навремено пријавување на учениците за полагање на државната матура, и изработка на

училишно табло. Во прва и втора, трета и четврта година одржани се по четири, родителски средби.

Родителите имаат право, но и по закон се обврзани да го следат процесот на образование на своите деца.

Во рамките на програмата “советување на родители” оваа година беа вклучени родители со кои работеше училишниот психолог. Родителите беа повикувани по два основи

-намален успех

-нередовно посетување на настава

Во континуитет во текот на целата учебна година педагошката служба врши советување на ученици (по основ на недисциплина, нередовност, намален успех, недолично однесување, изрекување на педагошки мерки) и задолжително во тие разговори ги повикува и родителите.

Мора да признаеме дека и покрај сите напори квалитетот на комуникација со родителите не ни е на завидно ниво. Слабиот одзив на родители во училиштето значи или дека се презафатени, или дека се незаинтересирани, или дека сметаат дека училиштето е непристапно за соработка. На нас останува да продолжиме да вложуваме напори да ја смениме таквата слика и да продолжиме со постојано повикување на родителите да се вклучат во процесот на образование, вклучување во воннаставни активности, инсистирање да учествуваат во утврдување на целите на училиштето, во развојот и оценувањето на наставните програми, учебници и градење на политиката на училиштето затоа што во крајна истанца тие се најзасегнатата страна во овој процес. Во таа насока училиштето ќе треба да ги зголеми своите активности (пример преку изготвување работилници).

20 ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Покрај примарната улога како воспитно-образовна установа СОУ „Кочо Рацин” со години наназад негува, промовира и реализира низ на активности поврзани со општествено-хуманитарна работа. Поголем дел од активностите се во координација со Црвен Крст Свети николе, и учениците при СОУ „Кочо Рацин” кои се и доброволни активисти на ЦК.

21 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, СОУ „Кочо Рацин“ Св.Николе по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот и комуникацијата со локалната заедница, истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Спроведени се повеќе заеднички проектни активности, манифестации во рамки на промоцијата на училиштето со Општината, основни и средни училишта од пошироката заедница:„Меѓуетничка интеграција во образованието“,„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и многу други

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.
Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со институциите кои пружаат психолошки и здраствени услуги, со центрите за социјална помош, советодавни обуки организирани од ОВР Свети Николе, претставници од сообраќајната полиција, со цел задоволување на потребите за безбедност во поглед на превенција на насилство, безбедност во сообраќајот, едукација и информација за управување со скутери, како до возачка дозвола и тн .
Учениците ги промовираат своите знаења и надвор од училиштето преку учество во натпревари од општински, регионален, републички и меѓународен карактер, а резултатите и освоените награди се јавни и тренспарентни.
Училиштето остварува соработка со Меѓународен Славјански Универзитет. Организира активност и учество на матурантите при СОУ„ Кочо Рацин“ на работилници во организациаја на Меѓународниот Славјанскиот универзитет

Во рамките на проекти публикувани од националната агенција за образование, учествуваа професори од средно стручно образование. Класните раководители и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваат информации, споделуваат искуства, се информираат за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции.
Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени во електронска форма преку соодветен електронски медиум, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите.
На почетокот на учебната година родителите на учениците имаат можност преку непосредна комуникација, или преку електронските и интерент медиуми да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прва година училиштето подготвува Отворен ден на која се поканети и родителите/старателите.
Ученичката заедница согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претстедателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува

ставовите на учениците и родителите/старателите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Анкетирањето е по случаен избор, или со директна инволвираност на поголем број на родители и старатели.

На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на донесените заклучоци до останатите родители.
На редовните родителски средби се информираат родителите за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови.
Отворените родителски средби се за унапредување на комуникацијата на релација родител-наставник-ученик.
На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.
Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци над сто оправдани изостаноци како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканууваат на советување кое што го води психологот на училиштето.
Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашни задачи.
На Фејсбук и ВЕБ страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.
Родителите се влкучени во животот и работата на училиштето преку активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,,,Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,,. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања.
Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители/старатели преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр, Отворен ден на училиштето
Секако постои желба и добра волја за уште поголема комуникација со јавноста во која ќе бидат влкучени сите инволвирани во целиот воспитно-образовен процес.

22 ИЗВЕШТАЈ ЗА СОРАБОТКА СО ВОЛОНТЕР ОД МИРОВЕН КОРПУС

Во текот на учебната 2025/2026 година, СОУ „Кочо Рацин“ од Свети Николе ја продолжи својата значајна и конструктивна соработка со волонтерот од Мировниот корпус на САД, г-дин Ханс Јанг, кој пристигна во нашето училиште во декември 2024 година. Според договорот со Мировниот корпус, неговата ангажираност е планирана за период од две години, што ќе овозможи

подолгорочна соработка и посистематско вклучување во наставниот процес. Во учебната 2026 година истата соработка беше продолжена за уште две години со што се зголеми временската рамка за меѓусебна соработка и интеркултурна размена

Неговиот главен наставен соработник е професорката по англиски јазик Надица Кузелова Јованова, со која редовно реализира тимска настава, планира активности и ги евалуира резултатите од спроведените содржини. Покрај тоа, привремено соработува и со професорот Ацо Атанасов во дел од тематските содржини и демократски едукативни работилници.

Ханс Јанг даде значаен придонес во збогатување на наставата преку употреба на современи, креативни и интерактивни методи на учење, кои го поттикнуваат интересот кај учениците и ја подобруваат нивната комуникациска компетенција на англиски јазик. Покрај редовната настава, тој организираше и водеше низа тематски работилници и активности, меѓу кои:

- **Movie and Cooking Workshop** – креативна и интеркултурна активност која ги комбинираше филмот и традиционалната кујна од различни земји, со цел развој на културна свест;
- **Career Planning** – работилници посветени на развој на професионални вештини, изработка на CV, симулации на интервјуа и подготвителни активности за идната кариера;
- **Writing Argumentative Texts** – активности за развој на критичко мислење и структурирано изразување преку пишување аргументирани текстови;
- **Music Around the World** – запознавање со различни музички жанрови и културни традиции од целиот свет, со фокус на глобалното културно разбирање.

Особено внимание беше посветено на серија едукативни работилници под наслов **Democracy Workshops**, кои опфатија теми како:

1. Conspiracy theories and its influence in the society
2. Do you know YOUR DEMOCRACY?
3. Creating a Video for a Campaign
4. Debate with a Role Play – Political Ideologies and Society
5. Democracy Through the Lens of Music and Film
6. Fake News and Democracy
7. Importance of presenting your ideas through organizing peaceful protests
8. Instructions and tips for organising a debate
9. Instructions for Creating a Political Campaign
10. Meeting the Political System in the World and Its Influence Over Democracy

Овие работилници имаа за цел да ја развијат медиумската писменост, критичката свест и разбирањето на демократските процеси кај учениците. Истите беа интерактивни, со симулации, дебати и анализи на реални ситуации, што предизвика особено голем интерес кај учениците.

За време на летниот распуст 2025 година волонтерот Ханс Јанг и професорката Надица Кузелова Јованова поднесоа апликација за донација на книги од Darien BookAid организацијата и истата беше успешно прифатена.
Септември започна со значителна донација на книги на англиски од повеќе сфери што ќе овозможи

стручно и литературно усовршување не само по предметот Англиски јазик, но и по останати предмети како Физика, Биологија, Историја, Географија.

Соработката со Ханс Јанг досега се покажува како исклучително позитивна и продуктивна. Тој не само што придонесува кон унапредување на наставата, туку и претставува мост меѓу културите, поттикнувајќи ги учениците да бидат поотворени, толерантни и самоуверени во интернационални контексти.

23 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ХУМАНИСТИЧКО ПОДРАЧЈЕ

Претседател на стручен актив – Христина Салтирова

За активностите

Подрачјето од областа на општествено-хуманистички науки ги реализираше предвидените активности и тоа во неколку фази. Состаноците на кои се дискутираше за предвидените активности, консеквенто преку интерните состаноци на активите кои се дел од ова подрачје и заклучно преку анализите на завршнниот состанок предвиден за втората половина на месец Јуни, кога е предвидено и избирање на нов претседател на активот, како и избор на претседатели по активи.

Стручниот актив општествено хуманистичката група на предмети во учебната 2025/2026 година својата работа ја насочи во реализација на следните активности:

- Примена на ИКТ во наставата;
- Подобрување и усовршување на наставно образовниот процес;
- Примена на еко-стандарди во наставата;
- Примена на стандардите и критериумите за оценување дадени од БРО;

Август	- - Анализирани годишните програми и изработени годишни глобални планови - Анализа на резултатите од државната матура
Септември	- Направена е интеграција на редовната настава со ЕКО стандардите со цел развој и подигање на еколошката свест кај учениците; - Изработена е корелација на наставните предмети со други наставни предмети - Поделени обврските околу слободните ученички активности и времето на нивното реализирање -Начинот на водењето на педагошката документација - Информирање за стандардите и критериумите за оценување на учениците по предмети
Октомври	- Користење на методи и критериуми за оценување

	- Консултации околу реализација на примена на истражување и ИКТ во наставата -Значење на дополнителната и додатната настава
Ноември	- Анализа на постигнатите резултати од првото тромесечие од редовната и дополнителната настава - Донесени предлози и сугестии за подобрување на наставата - Посети и анализа на наследни часови - Избор на теми за матурски проектни задачи
Декември	- Дискутирано за техники и методи на работа и разменети искуства и идеи помегу наставниците
Јануари	- Анализа на постигнатите резултати од првото полугодие - Предлози за надминување на слабостите и проблемите - Разговор за проверување и оценување на наставниците (размена на идеи) - Информација за реализација на државна, училишна матура и завршниот испит
Февруари	- Предлози и сугестии за подобрување на успехот на учениците; - Иницирање на меѓусебна помош кај учениците.
Март	- Искористеност на наследните средства во наставата - Активности за подготовка на учениците за училишните натпревари; - Мерки за подобрување на успехот кај учениците - Реализација на матурски проектни задачи
Април	-Анализа на резултатите од третото тромесечие -Активности за подготовка на регионални и републички натпревари -Анализа на резултатите од додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности - Анализа на оценувањето на матурски проектни задачи.
Мај	- Подготовка за организирање на државна матура и завршниот испит - Анализа на примена и придобивки од ИКТ во наставата.
Јуни	-Изработен извештај за работата на стручниот актив за изминатата учебна година Формиран стручен актив за новата учебна година и избран претседател на истиот -На состанокот одржан на 18.08.2026 год.за претседател на активот за учебната 2026/27 год. е избран Сања Данева

24 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКОТО ПОДРАЧЈЕ

Претседател на стручен актив – Тодор Димов

Во текот на оваа 2025/2026 учебна година на состаноците на природно-математичкиот актив присуствуваа и учествуваа 13 членови. На состаноците се реализираа активности предвидени според годишната програма на самиот актив.
Во продолжение се наведени реализирани активности по месеци:

Август	- Формиран стручен актив за новата учебна година и избран претседател на истиот - Анализирани годишните програми и изработени годишни глобални планови - Анализа на резултатите од државната матура - Одредување на приоритети на стручниот актив - Предлози и мислења.
Септември	- Направена е интеграција на редовната настава со ЕКО стандардите со цел развој и подигање на еколошката свест кај учениците; - Изработена е корелација на наставните предмети со други наставни предмети - Планирања и подготовки за најавената интегрална евалуација; - Поделени обврските околу слободните ученички активности и времето на нивното реализирање -Начинот на водењето на педагошката документација - Информирање за стандардите и критериумите за оценување на учениците по предмети - Предлози и мислења
Октомври	- Користење на методи и критериуми за оценување - Консултации околу реализација на примена на истражување и ИКТ во наставата - Значење на дополнителната и додатната настава - Отворен ден за средба со родителите
Ноември	- Анализа на постигнатите резултати од првото тромесечие од редовната и дополнителната настава - Донесени предлози и сугестии за подобрување на наставата - Посети и анализа на нагледни часови - Избор на теми за матурски проектни задачи
Декември	- Дискутирано за техники и методи на работа и разменети искуства и идеи помеѓу наставниците
Јануари	- Анализа на постигнатите резултати од првото полугодие - Предлози за надминување на слабостите и недостатоците - Разговор за проверување и оценување на наставниците (размена на идеи) - Информација за реализација на државна, училишна матура и завршниот испит

Февруари	- Предлози и сугестии за подобрување на успехот на учениците; - Иницирање на меѓусебна помош кај учениците.
Март	- Искористеност на нагледните средства во наставата - Активности за подготовка на учениците за училишните натпревари; - Мерки за подобрување на успехот кај учениците - Реализација на матурски проектни задачи
Април	-Анализа на резултатите од третото тромесечие -Активности за подготовка на регионални и републички натпревари -Анализа на резултатите од додатна, дополнителна настава и слободни ученички активности - Анализа на оценувањето на матурски проектни задачи.
Мај	- Подготовка за организирање на државна матура и завршниот испит - Анализа на примена и придобивки од ИКТ во наставата.
Јуни	-Анализа на спроведеното екстерно проверување на учениците -Изработен извештај за работата на стручниот актив за изминатата 2025/2026 учебна година - Избор на нов претседател на стручниот актив

На состанокот одржан на 24.08.2026 година за претседател на активот за учебната 2026/2027 година е избран Тодор Димов

25 ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАКТИВНОСТИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНИОТ АКТИВ

1. ВОВЕД

Стручниот актив на Земјоделско-ветеринарната струка во текот на учебната 2025/2026 година ги реализираше планираните активности согласно Годишната програма за работа на училиштето, програмата за работа на Стручниот актив и наставните програми за соодветните образовни профили.

Работата на активот беше насочена кон унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот на наставата, поврзување на теоретските знаења со практичната работа, следење на постигањаа на учениците, професионален развој на наставниот кадар и поттикнување на интересот на учениците за земјоделските и ветеринарните професии.

Во рамките на Земјоделско-ветеринарната струка се реализираа активности поврзани со земјоделско производство, хортикултура, цвеќарство, растително производство, органско производство, агроменаџмент, ветеринарна медицина и практична настава.

2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПО МЕСЕЦИ

СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Во текот на месец септември Стручниот актив ги реализираше следните активности:

Одржан состанок на Стручниот актив и разгледана Годишната програма за работа за учебната 2025/2026 година.
Утврден е планот и динамиката на работа на активот.
Направена е распределба на наставните предмети и задолженијата на наставниците.
Разгледани се наставните планови и програми за тековната учебна година.
Направено е усогласување на планирањата на наставниците со Годишната програма за работа на училиштето.
Разгледани се условите за реализација на практичната настава.
Договорени се активности за одржување и уредување на училишните зелени површини и наставните полигони.
Разгледани се можностите за вклучување на учениците во практични активности, проекти, натпревари и други форми на ученичко творештво.
Разменети се искуства и предлози за подобрување на наставниот процес.
ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА
Во октомври активностите беа насочени кон следење на реализацијата на наставните програми и практичната работа.
Следење на реализацијата на наставните содржини.
Анализа на активноста и ангажираноста на учениците.
Реализација на практични вежби од областа на земјоделското и растителното производство.
Практични активности поврзани со обработка на почвата, подготовка на земјиштето и одгледување на растенија.
Реализација на практични активности во областа на хортикултурата и цвеќарството.
Следење на правилната примена на заштитни мерки при практичната работа.
Договорени активности за уредување и одржување на училишниот двор и зелените површини.
Размена на материјали, наставни средства и примери од добрата наставна практика.
НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА
Во текот на ноември Стручниот актив продолжи со следење на воспитно-образовниот процес и постигањата на учениците.
Анализа на постигнатите резултати на учениците во првиот период од учебната година.
Разгледување на учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини и предлагање мерки за подобрување.
Реализација на практични активности согласно наставните програми.
Работа со учениците преку индивидуални и групни практични задачи.
Поттикнување на учениците за примена на стекнатите теоретски знаења во практична работа.
Разгледување на можностите за учество на учениците на стручни натпревари и ученички проекти.
Размена на искуства меѓу наставниците од стручните предмети.
Следење на редовноста, дисциплината и ангажираноста на учениците во практичната настава.
ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА
Во декември беа реализирани активности поврзани со евалуација на работата во првото полугодие.
Анализа на реализацијата на наставните програми во првото полугодие.

Анализа на успехот и поведението на учениците.
Разгледување на постигнатите резултати и утврдување на потребата од дополнителна поддршка за учениците.
Реализација на практични активности од областа на хортикултурата, цвеќарството и земјоделското производство.
Разгледување на можностите за унапредување на практичната настава.
Размена на искуства за примена на современи наставни методи.
Договорени се активности за второто полугодие.
Направена е подготовка за реализација на ученички проекти и практични задачи во второто полугодие.

ЈАНУАРИ 2026 ГОДИНА
По започнувањето на второто полугодие, Стручниот актив ги реализираше следните активности:
Разгледување на реализацијата на наставата во првото полугодие.
Анализа на постигнатите резултати и идентификување на области каде што е потребно дополнително ангажирање.
Усогласување на активностите за второто полугодие.
Подготовка на практични вежби и наставни материјали.
Планирање на активности за подобрување на практичните компетенции на учениците.
Договор за учество на учениците во проекти, натпревари, презентации и други активности.
Поттикнување на тимската работа и ученичката иницијативност.
Разгледување на можностите за поврзување на наставата со реалните потреби во земјоделскиот сектор.
ФЕВРУАРИ 2026 ГОДИНА
Во февруари акцентот беше ставен на практичната работа и развивањето на стручните компетенции кај учениците.
Реализација на практични вежби согласно наставните програми.
Работа со учениците на практични задачи од областа на растителното производство и хортикултурата.
Примена на современи методи и техники во практичната настава.
Следење на напредокот на учениците.
Подготовка на ученици за учество на стручни натпревари.
Поттикнување на креативноста и претприемачките способности кај учениците.
Разгледување на можностите за соработка со локални земјоделски производители, компании и други релевантни субјекти.
Размена на искуства и примери од практиката меѓу наставниците.
МАРТ 2026 ГОДИНА
Во текот на март се реализираа активности поврзани со почетокот на интензивните практични активности во земјоделското производство.
Реализација на практични активности поврзани со подготовка на почвата и растителното производство.
Практична работа со учениците во училишниот двор, зелените површини и наставните полигони.
Активности поврзани со одгледување, размножување и нега на растенија.
Работа на ученички проекти од областа на хортикултурата и земјоделството.

Подготовка и реализација на практични задачи за развивање на стручните компетенции.
Следење на напредокот на учениците.
Подготовка на ученици за натпревари и презентации.
Поттикнување на учениците за тимска работа, креативност и претприемачко размислување.
АПРИЛ 2026 ГОДИНА
Во април продолжија практичните активности и активностите поврзани со хортикултурата и уредувањето на зелените површини.
Реализација на практична настава од областа на хортикултурата и цвеќарството.
Садење, нега и одржување на растителен материјал.
Уредување и одржување на училишните зелени површини.
Практична примена на знаењата за заштита на растенијата.
Работа на ученички проекти.
Подготовка и учество на ученици во стручни и практични натпревари.
Развивање на креативноста преку практични задачи и изработка на декоративни аранжмани.
Следење и оценување на практичните компетенции на учениците.
Размена на наставни материјали и искуства меѓу наставниците.
МАЈ 2026 ГОДИНА
Во мај Стручниот актив реализираше активности насочени кон завршување на наставните содржини и практичните задачи.
Следење на реализацијата на наставните програми.
Реализација на практични активности од сите стручни области.
Работа со учениците на завршни практични задачи.
Презентација на ученички проекти и практични изработки.
Анализа на постигнувањата на учениците.
Подготовка и реализација на активности за професионална ориентација на учениците.
Поттикнување на учениците за продолжување на образованието и/или вклучување во земјоделскиот и ветеринарниот сектор.
Следење на практичните компетенции стекнати во текот на учебната година.
Подготовка на активности поврзани со завршување на учебната година.
ЈУНИ 2026 ГОДИНА
Во јуни се реализираа завршните активности на Стручниот актив за учебната 2025/2026 година.
Анализа на целокупната реализација на наставните програми.
Анализа на успехот и постигнувањата на учениците.
Анализа на реализацијата на практичната настава.
Разгледување на реализираните ученички проекти, натпревари и други активности.
Евалуација на работата на Стручниот актив.
Идентификување на позитивните аспекти и тешкотиите во реализацијата на наставата.
Давање предлози и препораки за унапредување на работата во наредната учебна година.
Разгледување на потребите за наставни средства, опрема, материјали и услови за реализација на практичната настава.
Изготвување на годишен извештај за работата на Стручниот актив.

3. АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на учебната година учениците беа вклучени во различни активности со цел стекнување и унапредување на практичните и стручните компетенции.
Особено внимание беше посветено на:
практична работа во областа на земјоделското производство;
хортикултура и цвеќарство;
одгледување и нега на растенија;
уредување и одржување на зелени површини;
практични задачи од областа на ветеринарната медицина;
традиционално и органско земјоделско производство;
развивање на претприемачки способности;
тимска работа и ученички проекти;
учество на стручни натпревари и презентации;
развивање на креативноста и иновативноста кај учениците.

4. СОРАБОТКА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ
Во текот на учебната година наставниците од Стручниот актив соработуваа во насока на подобрување на квалитетот на наставата и практичната работа.
Се вршеше:
размена на искуства и наставни материјали;
примена на современи наставни методи;
размена на примери од добрата практика;
следење на професионалниот развој на наставниот кадар;
соработка со други стручни активи во училиштето;
соработка со локалната заедница и релевантни институции и организации;
планирање на идни активности за подобрување на практичната настава.

5. ЗАКЛУЧОК
Стручниот актив на Земјоделско-ветеринарната струка во учебната 2025/2026 година ги реализираше планираните активности во согласност со можностите и условите на училиштето.
Работата беше насочена кон унапредување на квалитетот на наставата, развивање на практичните компетенции на учениците, поврзување на теоретските знаења со практичната работа и создавање услови за професионален развој и кариерен развој на учениците.
Посебно значење има вклучувањето на учениците во практични активности, ученички проекти, натпревари и активности поврзани со хортикултурата, земјоделството и ветеринарната струка.
Врз основа на реализираните активности, Стручниот актив предлага и во наредната учебна година да се продолжи со унапредување на практичната настава, зголемување на ученичката активност, развивање на претприемачките компетенции, користење современи наставни методи и воспоставување дополнителна соработка со институции, компании и организации од областа на земјоделството, ветеринарството и хортикултурата.

26 ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА АКТИВОТ ОД МАШИНСКАТА СТРУКА

Септември:

Состанок на активот при што е направена програма за работа, изработени се тематските годишни распределенија по месеци и дневните подготовки во машинската струка

Формиран е стручен актив во машинската струка и за претседател е избран проф. Билјана Панева за учебната 2025/2026 година.

Октомври:

Бројот на запишаните ученици во машинската струката за учебната година е 18 (машки).

Учениците од II,III и IV година кои го слушаат предметот Учење преку работа кај работодавач (Сектор Машинство) се респределени во општинските авто сервиси и технички прегледи на моторни возила и за нив е обезбедено здравствено осигурување

Ноември:

Оценување на учениците со примена на тестови по соодветните предмети

Учениците со послаб успех имаа за задача да изработат семинарски задачи по соодветните предмети за полесно нивно оценување

Дадени се насоки од предметните наставници за подобрување на работа со учениците со послаб успех.

Декември:

Извршена е распределба на проектните задачи за завршен испит и државна матура на учениците од IV година

Јануари:

Анализиран е постигнатиот успех во првото полугодие во машинската струка и дадени се препораки за негово подобрување.

Февруари:

Контрола на изработените проектни задачи, како и нивно надополнување

Користење на ИКТ во наставата по стручните предмети

Март:

Оценување на учениците со примена на тестови по соодветните предмети

Април:

Презентација и оценување на проектната задача како дел од државната матура и завршниот испит

Мај:

Учениците учествуваа на предавање за безбедно учество во сообраќајот, на кое имаа можност да полагаат пробни тестови и пробни полигонски вежби

Учениците од I,II и III година исто така учествуваа на настанот „Положи. Не ризикувај.”

Неколку ученици од машинската струка учествуваа во проект во Грција, каде се стекнаа со нови вештини и знаења, како и практични искуства во обавување на работните операции на своето работно место.

Подготовки за организирање на државна матура и завршниот испит

Формиран е тим од професори за презентирање на училиштето во повеќе основни училишта за учебната 2026/2027 година

Разгледани се постигнатите резултати на учениците од IV година од машинската струка

Јуни:

Беше организиран отворен кариерен ден, каде учениците од деветто оделение и нивните родители имаа можност да се запознаат со училиштето, образовните профили, соработката со компаниите, можностите за понатамошно образование и кариера

Анализиран е успехот на учениците од I, II и III година во машинската струка

Организирани и спроведени се поправните, вонредните и дополнителните испити

Организирани и спроведени се државната матура и завршниот испит во машинската струка

Изработен е извештај за работата на стручниот актив во изминатата учебна година

Уписи на ученици во прв, втор и трет уписен рок за учебната 2026/2027 година

Во сервисот за моторни возила, машинските техничари за моторни возила реботеа на промена на каиши, замена на делови, стартување на дефектни возила, замена на работни делови на тешки машини, набљудување на ремонт на возови и делови и други работи.

Август:

Разгледување на остварената програма за учебната 2025/2026 и остварените уписи на учениците за учебната 2026/2027 год.

Изработка на програма за работа на активот за учебната 2026/2027 год.

27 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧИЛИШЕН СОЦИОЛОГ

ДЕЛ I **1. Вовед**

Во текот на учебната 2025-2026 година, училишниот социолог ги реализираше активностите предвидени со Годишната програма за работа на училиштето, Годишната програма за работа на училишниот социолог, како и голем број вонпрограмски активности кои произлегоа од тековните и реалните потреби на училишната заедница.

Работата во текот на целата учебна година беше примарно насочена кон следење на воспитно-образовниот процес, подобрување на училишната клима, советодавна работа со сите чинители (ученици, родители, наставници), превенција на ризични појави, поттикнување на ученичкото организирање, реализација на истражувања, аналитичка обработка на податоци и плодна соработка со надворешни институции и локалната заедница.

Активностите се реализираа во континуирана, секојдневна соработка со директорот, помошник-директорот, соработниците од стручната служба (педагог и психолог), класните раководители, предметните наставници, родителите и Ученичкиот совет.

2. Советодавна и стручно-консултативна работа

Советодавната и стручно-консултативната работа претставуваше клучна содржина во секојдневното дејствување на социологот. Во текот на целата учебна година во континуитет се реализираа индивидуални и групни разговори со ученици, родители, класни раководители и предметни наставници.

Специфични реализирани активности:


- **Идентификација на специфичен развој:** Во тесна соработка со класните раководители, а во корелација со психологот и педагогот, реализирани се насочени активности за прецизно издвојување и следење на карактеристични случаи во биофизичкиот, психичкиот и социјалниот развој на учениците.
- **Теренско следење на редовноста:** Спроведена е континуирана посета на класовите заедно со помошник-директорот со цел директно утврдување на отсуствата на учениците во сите паралелки. Притоа, во континуитет се разговараше за сите настанати ситуации и проблеми, со посебен акцент и поддршка на учениците од прва година при нивната адаптација.
- **Директна советодавна поддршка:** Реализирани се насочени разговори со ученици, родители, класни раководители, предметни наставници и раководството за конкретни случаи на нередовност, недисциплина и други проблеми кои се појавуваа тековно.

- **Партнерство со родителите:** Подготвени се и реализирани вонредни родителски средби со дел од класните раководители од стручното образование, каде примарна тема беше редовноста на учениците и преземањето заеднички воспитни мерки.
- **Посети на часови:** Во рамките на стручното следење, отпочната е и во континуитет реализирана посета на наставни часови со цел согледување на однесувањето и интеракцијата во паралелките (со посебен фокус и дополнителни посети и разговори во специфични паралелки, како што е класот I-5).

Статистички преглед на реализирани разговори и советодавни средби

Врз основа на водената интерна педагошка евиденција, во текот на учебната година е реализиран следниот број на индивидуални и групни разговори по различни основи:

Основа за разговор	**Ученици**	**Родители**	**Класни раководители / Професори**	**Колеги од стручна служба / Директор / Пом. директор**	**Вкупно по основ**
Разговори за нередовност	9	11	13	5	**38**
Разговори за недисциплина	48	11	20	8	**87**
Разговори по друг основ	31	7	19	12	**69**
Посета на класеви и разговор со учениците					9
ВКУПНО	**88**	**29**	**52**	**25**	**203**



3. Ученичко организирање и демократско учество

Како одговорен координатор за соработка и работа со Ученичкиот совет (УС) при училиштето, училишниот социолог комплетно ја менаџираше и координираше процедурата за демократско учество на учениците.

Специфични реализирани активности:

- **Нормативна и програмска подготовка:** Изработен е нов *Правилник за функционирањето на Ученичкиот совет* и е изготвена детална *Годишна програма за работа на Ученичкиот совет*.
- **Информирање и документација:** Изготвени и дистрибуирани се неколку официјални известувања за учениците поврзани со процедурите: известување за избор на класно раководство на УС, известување за конститутивен состанок, известување за пријавување на ученици за избор на раководство на УС и известување за самиот изборен состанок.
- **Конституирање на телата:** Успешно е организиран и одржан конститутивниот состанок со Ученичкиот совет, по што е спроведен и состанок за избор на сите тела и органи на Советот, за што уредно се изготвени и архивски записници.
- **Процедура за Училишен правобранител:** Заедно со учениците од Ученичкиот совет и во соработка со колешката Емина Петкова, целосно е спроведена постапката за избор на Училишен правобранител:
  - Формирана е изборна комисија;
  - Изготвен е и јавно објавен оглас за избор на училишен правобранител;
  - Учениците по класови беа детално информирани за улогата, обврските, одговорностите и правата на правобранителот;
  - Спроведено е собирање на кандидатурите, изготвено е гласачко ливче и успешно е реализирано тајно гласање;
  - Подготвено е официјално известување за конечниот избор.

4. Заклучок за првиот дел

Реализацијата на активностите во доменот на советодавната работа и ученичкото организирање придонесе за навремено детектирање на предизвиците во наставата, подобрување на редовноста на таргетирани групи ученици од стручните профили, како и за подигнување на нивото на ученичка демократија и самодоверба преку легитимно избраните претставници во Ученичкиот совет и училишниот правобранител.

ДЕЛ II 5. Истражувачка и аналитичка работа

Истражувачката дејност на социологот во текот на 2025-2026 година послужи како емпириска основа за носење на педагошки мерки и насоки за превентивно дејствување во училиштето.

Специфични реализирани активности:

- **Структурна анализа:** Во соработка со психологот и педагогот, прецизно е одредена и анализирана националната, половата и социјалната структура на учениците во училиштето на почетокот на годината.
- **Истражување за нередовноста:** Изготвено е, дистрибуирано и реализирано обемно анкетно истражување на тема: *„Причините за нередовноста во СОУ Кочо Рацин од страна на учениците“*. Врз основа на добиените резултати, изготвен е детален писмен извештај со конкретни заклучоци и препораки за наставничкиот совет.
- **Истражување за болести на зависност:** Изготвена, реализирана и комплетно анализирана е анкета со учениците на тема *„Зависности кај младите“*, која резултираше со заклучоци кои директно ги наметнаа следните превентивни теми во училиштето.
- **Истражување за училишната клима:** Во соработка со Ученичкиот совет (по дефинирање на темата на заеднички работен состанок), изготвен е анкетен прашалник на тема *„Наставата, односите во училиштето и условите во кои престојуваат учениците“*. За анкетата е креиран дигитален QR-код, успешно е реализирана во текот на месец март, а добиените податоци се преточени во анализа и препораки за подобрување на просторните и социјалните услови.
- **Институционални информации:** Изготвена е и доставена официјална писмена информација за запишаните ученици во прва година до матичните основни училишта од каде што доаѓаат учениците (со посебен извештај за успехот на учениците во прво полугодие кои доаѓаат од ООУ „Даме Груев“).
- **Анализи на успехот:** Заедно со колешките од стручната служба, по завршување на наставничките и класните совети, редовно се прибираа, обработуваа и евидентираа квантитативни податоци за изработка на завршни анализи и извештаи за успехот, поведението и редовноста на учениците (по прво тромесечје, прво полугодие, трето тромесечје и крај на наставна година).
- **Евалуација на здравјето:** Изработен е посебен извештај за самоевалуација на училиштето од подрачјето *4.2 Здравје и добросостојба на учениците*.

6. Превентивни и едукативни активности

Превенцијата се реализираше преку директна дистрибуција на едукативни материјали, класни часови и мултимедијални презентации.

Специфични реализирани активности:

- **Куќен ред:** Извршена е навремена дистрибуција и презентација на Куќниот ред на училиштето пред сите ученици со цел превенција од кршење на дисциплината.
- **Превенција од трговија со луѓе:** Реализирани се едукативни работилници со учениците од третите и четвртите години на тема *„Трговија со луѓе“*, проследени со презентација на краткометражен едукативен филм.
- **Проектот „Безбедна училишна средина“:** Реализирани се предвидените активности со учениците (две едукативни работилници со учениците од прва година на тема *меѓуврснички насилство и булинг*). Активноста планирана со родителите не се реализираше во првото полугодие поради незаинтересираност и неодзив на родителите, за што уредно беше информиран проектниот тим во Скопје, по што истата беше пренасочена за реализација.
- **Превенција од булинг во стручно образование:** Реализирана е презентација на наменски едукативен филм за превенција од булинг во образовниот процес пред учениците од прва година во стручното образование.
- **Работилница за малолетнички бракови:** Организирана и успешна реализирана едукативна работилница со учениците од прва и втора година стручно образование на тема *„Малолетнички бракови“*. Активноста е спроведена во партнерство со Организацијата на жени на општина Свети Николе, инспектор за превенција од ПС Свети Николе и стручен едукатор од Центарот за социјални работи (ЦСР).
- **Изработка и дистрибуција на едукативни материјали (за класни часови):**
  - Едукативен материјал на тема *„Сексуално преносливи болести“*;
  - Едукативен материјал по повод Светскиот ден на борбата против *ХИВ/СИДА*;
  - Информативен материјал од областа на *Антикорупцијата и механизми во борбата со истата* (реализиран на класен час);
  - Материјал на тема *„Болести на зависност со посебен акцент на зависност од никотин“* (тема наметната како ургентна по спроведената анкета за зависности);
  - Едукативен материјал за обработка на класен час во завршните паралелки: *„Професионална ориентација на матурантите – желби и можности за студирање“*.

7. Соработка со институции и учество во проекти

Училишниот социолог во текот на годината даде силен придонес во позиционирањето на училиштето на домашно и меѓународно ниво.

Специфични реализирани активности:

- **Локално партнерство:** Остварена е континуирана соработка со Центарот за социјална работа - Свети Николе, Полициската станица Свети Николе и

Организацијата на жени на општина Свети Николе за реализација на комбинираните превентивни работилници.

- **Меѓународно тестирање ICCS 2027:** Како официјално назначен училишен координатор, социологот учествуваше на две онлајн обуки за пробното тестирање на учениците по Граѓанско образование. Обуките и тестирањето беа спроведени под покровителство на Државниот испитен центар (ДИЦ), Меѓународниот студиски центар ICCS 2027 на Универзитетот во Бат и Меѓународното здружение за евалуација на образовните достигнувања (IEA). Тестирањето успешно беше имплементирано со учениците од вторите години.
- **Еразмус+ Програма:** Остварено е активно учество во меѓународниот Erasmus+ проект *„Културна свест и социјална инклузија преку драмски уметности“* (Cultural awareness and social inclusion through drama arts), преку реализација на мобилност и проектни активности во Р. Романија во периодот од 10 до 17 март 2026 година.

8. Заклучок за вториот дел

Комбинацијата од емпириски истражувања на терен и брзата превентивна реакција (како што беше случајот со предавањата за никотинска зависност по анкетата) овозможија висок степен на информираност кај учениците. Меѓународната соработка преку ICCS и Еразмус+ дополнително ги унапреди инклузивните капацитети на стручната служба.

ДЕЛ III 9. Административна и аналитичко-документациска работа

Административната дејност беше насочена кон уредно водење на документацијата, но се соочи со сериозни технички предизвици.

Специфични реализирани активности:

- **Програмски документи:** Изработена е комплетната Годишна програма за работа на социологот и дадено е учество во креирањето на Годишната програма на училиштето.
- **Извештаи:** Редовно се подготвуваа месечни, тримесечни, полугодишни (како и овој финелен Годишен извештај) за работата на социологот доставен до директорот.
- **Матична евиденција:** Во соработка со колешките од стручната служба, реализирано е прибирање податоци за запишаните ученици со цел прецизно изготвување на матичните книги потребни за внатрешна евиденција на стручниот тим. Изготвени се и соодветни статистички извештаи за претходната (2024-2025) и за тековната учебна година.
- **Евиденција за ризик:** Етапно и во континуитет се прибираа социјални податоци од учениците за потребите на службата со цел навремено детектирање на потенцијални ученици кои се во ризик од семејни, социјални или економски причини. Оваа активност се наметна како неопходна по анализите од анкетата за нередовност.
- **Крај на наставна година:** Изработени се евидентни листи за крајот на наставната година за завршните паралелки. Спроведени се соодветни класни совети за завршните години со комплетно евидентирање и стручна анализа на успехот,

поведението и редовноста. Извршена е и завршна контрола на педагошката документација за матурантите и останатите години заедно со колешките од стручната служба(главни книги и свидетелства).

Забелешка за нереализирани активности поради технички пречки:

- Активностите кои се однесуваа на **„Контрола на педагошката документација преку е-дневникот“** (утврдување на начинот на оправдување на часовите по класификациони периоди на полугодие и сл.) **не беа реализирани**. Причина за ова беше неможноста да се обезбеди соодветен администраторски пристап до податоците во новиот систем за електронски дневник (е-дневник).

10. Соработка со родители, наставници и надворешни институции

Соработката се одвиваше трилатерално со цел да се затвори кругот околу ученикот: училиште – семејство – заедница. Таа опфати:

- Изготвување на писмени упатства и материјали за класните раководители во врска со законскиот начин на изрекување на педагошките мерки;
- Индивидуално советување со родители при изрекување на тешки педагошки мерки за недисциплина;
- Координација со локалните институции (МВР, ЦСР, ОЖСН) при третирање на девијантни појави или социјален ризик кај одделни ученици.

11. Насоки за изрекување на педагошки мерки

Во текот на годината, со цел изедначување на критериумите и законско постапување, до класните раководители беа доставени јасни насоки и изготвени стручни материјали за процедурите при изрекување на педагошките мерки, со посебен фокус на превентивниот аспект пред преземањето на крајните репресивни мерки.

12. Постигнати резултати

- Успешно мапирани социјално и економски ранливи ученици и воспоставен систем за нивно дискретно следење;
- Подобрена фреквенција на комуникација со класните раководители од стручното образование со цел намалување на неоправданите отсуства;
- Целосно имплементирани демократски процеси (Ученички совет и Правобранител) со висок одзив кај ученичката популација;
- Подигнат меѓународен рејтинг на училиштето преку ICCS 2027 и Erasmus+ програмата.

13. Заклучок

Учебната 2025-2026 година за училишниот социолог помина во знакот на интензивна теренска и истражувачка работа во училиштето. Најголемиот дел од планираните

активности се успешно и квалитетно реализирани, со исклучок на оние кои беа директно условени од софтверски/технички пристап до е-дневникот. Извештајот јасно покажува дека социолошката димензија во училиштето е клучна за градење на здрава училишна клима.

ДЕЛ IV 14. Евалуација на реализираните активности

Евалуацијата покажува дека динамиката на реализација беше конзистентна. Активностите навремено се прилагодуваа соодветно на тромесечните и полугодишните анализи. Учениците покажаа исклучителен интерес за анкетните истражувања (особено преку QR-кодови), што укажува на потребата од понатамошна дигитализација на меѓусебната комуникација.

15. Предизвици во работата

- **Пасивност на родителите:** Како клучен предизвик се наметнува незаинтересираноста на дел од родителите за вклучување во превентивните проекти (пр. „Безбедна училишна средина“), што бара изнаоѓање нови форми на мотивација;
- **Технички бариери:** Неможноста за целосен увид во е-дневникот ја отежнува брзата статистичка анализа на оправданите/неоправданите часови на ниво на целото училиште;
- **Зголемен социјален ризик:** Појава на нови облици на недисциплина и дигитална меѓуврсничка интеракција која бара постојано будно следење.

16. Препораки за понатамошно унапредување

- Да се упати официјално барање до раководството/МОН за надминување на проблемот со пристапот до е-дневникот за стручната служба во новата учебна година;
- Да се воведат задолжителни тематски родителски средби (во соработка со ЦСР и МВР) уште на самиот почеток на годината;
- Да се зголеми бројот на работилници за дигитална безбедност и превенција од сајбер-булинг.

17. Насоки за работа во учебната 2026-2027 година

- Фокус на рана превенција на нередовноста во соработка со новите класни раководители во прва година;
- Интензивирање на советодавната работа со родителите преку креирање на „Отворен ден со стручната служба“;
- Понатамошна поддршка и менторство на новоизбраниот училишен правобранител во неговата секојдневна пракса со учениците;
- Следење на пост-проектните активности од Еразмус+ и имплементација на драмските уметности како алатка за социјална инклузија во редовните часови.

18. Завршен заклучок

Работата на училишниот социолог во рамките на СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе за учебната 2025-2026 година успешно одговори на сите современи предизвици. Овој извештај служи како релевантна основа, патоказ и емпириски извор за успешно планирање на Годишната програма за наредната 2026-2027 учебна година.

28 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ

Учество во планирањето, програмирањето, организирањето и следењето на воспитно-образовната работа во училиштето и ученичкиот дом преку планираните содржини на работата кои беа реализирани во планираниот период:

-Учество во изработката на Годишната програма реализирано
за работа на училишната (особено во делот на воспитната
работа со учениците, класните заедници, соработката со родителите)

-Изработка на сопствената програма за работа реализирано

-Помош во организирањето на ученичките реализирано
активности и заедници

-Учество во следењето на реализацијата на реализирано
планот и програмата за образование и воспитание
во училиштето, постигнатите резултати, успехот,
воспитните ефекти, примената на современите методи,
оптовареноста и развојот на учениците

-Статистичка обработка и анализа на успехот на учениците реализирано

Следење на напредувањето на учениците во склад со индивидуалните потенцијални можности и карактеристиките на личноста преку планираните содржини на работа кои беа реализирани во планираниот период:

-Следење на процесот на прилагодување реализирано
и напредување на учениците
Работилница- Менталното здравје одблизу- поглед во себе реализирано
Работилница- Ново училиште- предизвиците и одлуките кои реализирано ги носиме
Работилница- Различните лица на насилството меѓу врсниците реализирано
Работилница- Нулта толеранција на насилството реализирано
Работилница- Со чувствата на ,,ТИ,, реализирано
Работилница- Анксиозност, панични напади, депресија, реализирано

што сега?
Работилница- Мудрост пред настанот реализирано
Работилница- Превенција на сексуално насилство реализирано
Работилница-Меѓуетничка интеграција реализирано
-Изработка на инструменти за анализа на одделни проблеми и појави од доменот на работата на училишниот психолог (анкети, скали на проценка, евидентни листи) реализирано

-Следење и давање предлози за унапредување на организационите и другите аспекти на училишната средина во склад со менталното здравје на учениците и на наставниците реализирано

-Следење, откривање на причините и советодавна работа при недоволен успех и неприлагодено однесување (отсуство од наставата, агресивно однесување, деликвентно однесување) реализирано

-Следење и советодавна работа со надарени деца реализирано

-Следење и поддршка во прилагодувањето на учениците при доаѓањето во нова средина реализирано

-Професионална ориентација на учениците во завршните години (информирање за мрежата на факултети) реализирано

-Советувалишна работа реализирано
-Советодавна помош и соработка со родителите реализирано
-Групно советување на родители врз основ на намален успех, неоправдано изостанување и несоодветно однесување на учениците реализирано
-Промоција поддршка и учество во активностите од проектот Училиште без насилство реализирано
- Поддршка и учество во активностите од проектот ЕКО училиште реализирано

Теми од интерес на учениците и колективот реализирано

Работа на потребите од општо стручно усовршување на наставниците преку планираните содржини на работа кои ги реализирав во планираниот период:

-Соработка со наставниците во давањето помош реализирано

на учениците при стручната работа

-Помош при изработувањето и вреднувањето на неформалните тестови на знаење — реализирано

-Помош при процесот на стекнување на знаења на учениците — реализирано

-Стручно усовршување, следење на стручна литература, вклученост во семинари и советувања — реализирано

–“Превенција на сексуално насилство” — реализирано

-Обука за меѓународно тестирање на учениците Граѓанско образование – ICCS 2027.

Следење на водењето на педагошката документација и евиденција преку планираните содржини за работа во планираниот период

-Водење на хронолошки дневник — реализирано
-Дневник за работа со учениците — реализирано
-Дневник за работа со наставници — реализирано
-Дневник за работа со родители — реализирано

29 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА УЧИЛИШЕН ПЕДАГОГ

Извештајот за воспитно-образовната работа произлегува од содржините на активностите предвидени во годишната програма за работа усвоена од страна на органите и телата на училиштето.

Оваа учебна година ја започнавме на 1 септември 2025 год. според календарот за организација и работа на јавни средни училишта во учебната 2025/2026 год.Наставата се одвиваше со физичко присуство со почитување на сите протоколи со подготвени материјално, технички и кадровски ресурси за непречен почеток на работата на училиштето .

Извештајот за воспитно-образовната работа произлегува од содржините на активностите предвидени во годишната програма за работа усвоена од страна на органите и телата на училиштето.

Програмските документи се врзани со програмата за работа на Бирото за развој и образование, Центарот за стручно образование и обука и Министерството за образование и наука

Извештај за работа на педагогот за месец септември и октомври 2025 година

Непосредна работа со учениците

Идентификување, следење на децата со потешкотии во учењето и развојот;

- Индивидуална и групна советодавна работа со учениците кои имаат лични, училишни, семејни проблеми;

- Потешкотии при адаптацијата:

-разговор со учениците

- -разговор со родителите

  Во месец октомври имаше разговори со тројца родители од гимназиското и стручното образование

Давање насоки за неопходните модификации и адаптации во наставата;

- Давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците

Прилог-Дневник за работа ,

- **Административна работа**

- Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати
- Прилог- Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

Стручно-педагошка работа.

- Посета на часови за следење на методи , форми, наглednоста како и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми
- Беа посетени часови кај 10 предметни наставници и направени консултации
- Собира податоци за бројот на учениците во училиштето, води регистар и редовно го ажурира;
- Прилог- Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

Извештај за работа на педагогот за месец ноември 2025 година

- **Непосредна работа со учениците**
- Средби со ученици и родители, анализа на специфичните проблеми што се појавуваат во училиштето (значителен неуспех по некој предмет,голем број неоправдани изостаноци и сл.)
- **Прилог- Дневник за работа**
- **Административна работа**

- Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати

- Беа посетени часови кај 22 предметни наставници и направени консултации

Изготвување на извештаи за првото тромесечие во учебната 2025-26 година.

- Прилог- Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа, Наративен извештај

➢ **Стручно-педагошка работа**.

Посета на планирани часови за следење на методи , форми, нагледноста како и часови од дополнителна и додатна настава и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми и консултации со наставниците

- Давање насоки (индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците

- Прилог-извештај од посета на часови Прилог- Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

месец декември 2025 година

➢ **Стручно-педагошка работа**.

-Посета на планирани часови (редовни и дополнителни) за следење на методи , форми, нагледноста како и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми и консултации со наставниците.

- Беа посетени часови кај 24 предметни наставници и направени консултации

-Едукативен материјал за класен час за сите ученици од I до IV година ”Корупцијата и механизми во борбата со истата, антикорупцијата”

Прилог- Дневник за работа

- Прилог- Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

➢ **Административна работа**

- Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати

Водење на евиденции за посета на часови и документација за сопствена работа, дневник за работа

➢ **Професионална и кариерна ориентација на учениците**

- Соработка со соодветните високошколски институции за професионална помош и консултација со учениците од 4-та година

Презентации од некои високошколски институции

- **Непосредна работа со учениците**

Идентификација и анализа на специфичните проблеми што можат да се појават во училиштето (значителен неуспех по некој предмет,голем број неоправдани изостаноци и сл.)

- Давање насоки (индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците
- Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати

.

Јануари

- **Аналитичко –истражувачка работа**

- Изработка на прегледи,анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците за првото полугодие
  - ✓ Прилог-Извештај и анализа за успех и поведение на учениците за првото полугодие од учебната 2025/2026

- Давање насоки (индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците

Февруари

- **Административна работа**

Изготвување на анкета за учениците од гимназиското и стручното образование и анализа на истата.

- **Стручно-педагошка работа**.
  - Соработка со наставниците во изработката на дидактички и друг наставен материјал за реализирање на наставната програма (тестови на знаења, наставни листови, нагледни предавања и сл.)

  - Индивидуална и групна советодавна работа со учениците кои имаат лични, училишни, семејни проблеми
  - Давање насоки (групни или индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците

- **Професионална и кариерна ориентација на учениците**
  - Соработка со соодветните високошколски институции за професионална помош и консултација со учениците од 4-та година
    Презентации од некои високошколски институции

- **Непосредна работа со учениците**
    - Идентификација и анализа на специфичните проблеми што можат да се појават во училиштето (значителен неуспех по некој предмет,голем број неоправдани изостаноци и сл.)

Март и Април 2026 година

- **Административна работа**
    - Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати
    - Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

- **Стручно-педагошка работа**.

Посета на планирани часови за следење на методи , форми, нагледноста како и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми: октомври-ноември и консултации со наставниците
Прилог- Дневник за работа ,Наративен извештај

месец мај 2026 година

Имаме соработка со педагошко-психолошки служби во основните училишта од општината за информирање и професионално ориентирање на учениците
-Соработка со други средни училишта на заеднички проблеми

Административна работа
Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати
Водење на евиденции и документација за сопствена работа, дневник за работа

Стручно-педагошка работа.
Посета на планирани часови за следење на методи , форми, нагледноста како и следење на целите и задачите на реализација на годишни планови и програми и консултации со наставниците

Давање насоки (индивидуални консултации со наставници) за документирање на постигнувањата на учениците
-Прилог-Дневник за работа на педагог

Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

Соработка со стручните и управни органи и тела
Учество во професионално информирање на учениците и родителите.

Јуни

Административна работа

-Увид во реализацијата на часовите од страна на наставниците и давање насоки за подобрување на истите со цел да има подобри резултати.

- Проверка на педагошката документација и изготвување годишен извештај за работа на педагог.

Подготвени материјали и реализирани класни совети за завршните години – евидентирање и стручна анализа на податоците потребни за училиштето и стручната служба

- Контрола на главни книги и на свидетелствата за завршните години.

- Прилог-Водење на евиденција за проверка на главни книги и на свидетелствата.

Подготовка и реализација на четвртиот класификационен период , евидентирање и стручна анализа на податоците потребни за училиштето и стручната служба .

30 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕНИЧКИ ДОМ

Домот покрај обезбедувањето на основните животни потреби на учениците организирани во домските услови , делува и како реализатор и организатор за навики, развивање на интелектуалните способности, здравствено- хигиенски навики ,развивање на психофизички способности, културно однесување и естетски вкус ,како и правилно насочување за користење на слободното време и организирање слободни ученички активности.

Во 2025-2026 година, во ученичкиот дом немаше сместени ученици.

31 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА КАРИЕРНИТЕ СОВЕТНИЦИ

Во учебната 2025/2026 година во СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе за првпат систематски се реализираше процесот на кариерно советување согласно одредбите од Законот за средното образование, Правилникот за начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците и насоките за работа на кариерните советници.

За кариерни советници во училиштето беа назначени наставниците **Зојица Митрева и Јасмина Тодосовска**, кои уште на почетокот на учебната година ги презедоа потребните активности за воспоставување и организирање на системот за кариерно советување во училиштето.

Кариерните советници изготвија **Годишна програма за работа на кариерните советници**, која претставува составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

1. ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ

Планирањето на кариерното советување и кариерното информирање во училиштето претставува значаен процес насочен кон подготовка на учениците за донесување информирани одлуки поврзани со нивната иднина – образовна, професионална и лична.

Ефикасното планирање на активностите беше насочено кон систематско и континуирано кариерно советување, интегрирано со воспитно-образовниот процес и прилагодено на возраста, развојните карактеристики, интересите, способностите и потребите на учениците.

На почетокот на учебната година беа преземени следните активности:

формирање на тим за кариерно советување;

анализа на потребите на училиштето и учениците;

воспоставување база на податоци и документација поврзана со кариерниот развој на учениците;

информирање на родителите/старателите за можностите и значењето на кариерното советување;

изработка и реализација на годишна програма за работа на кариерните советници;

интеграција на кариерното советување со наставниот и воспитно-образовниот процес;

информирање на учениците и наставниците за активностите од областа на кариерното советување;

промоција на кариерното советување во училиштето;

следење и евалуација на реализираните активности и постигнатите резултати.

Кариерните советници ги информираа учениците уште на почетокот на учебната година за значењето на кариерното советување, активностите што ќе се реализираат и можностите што им стојат на располагање при изборот на нивното понатамошно образование и професионален развој.

2. САМОПРОЦЕНКА И ПРОФЕСИОНАЛНА ПОДГОТВЕНОСТ НА КАРИЕРНИТЕ СОВЕТНИЦИ

Пред започнувањето на активностите, кариерните советници спроведоа активности за самопроценка на сопствените компетенции и карактеристики потребни за успешно реализирање на функцијата кариерен советник.

Беа пополнети:

Прашалник за самопроценка на компетенции на кариерен советник;

Чек-листа на лични карактеристики за самопроценка на кариерен советник.

Овие активности беа реализирани со цел кариерните советници да ги согледаат сопствените компетенции, силни страни и области за понатамошно професионално усовршување.

3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И КАРИЕРНО НАСОЧУВАЊЕ

Во текот на учебната година беа реализирани повеќе активности насочени кон самоспознавање, идентификување на интересите и способностите на учениците, поставување кариерни цели, информирање за можностите за продолжување на образованието и развивање вештини потребни за понатамошен кариерен развој.

Активности реализирани во првото полугодие:

Активност 1 – Запознавање и претставување

Преку работен лист учениците имаа можност да ги претстават своите интереси, афинитети, очекувања и лични карактеристики.

Активност 2 – „Очекувања од кариерното советување“

Учениците ги идентификуваа своите очекувања, дилеми и стравови поврзани со изборот на понатамошно образование и професионална определба.

Активност 3 – Индивидуален кариерен план

Со учениците беше започнат процесот на изработка и пополнување на индивидуалниот кариерен план, преку кој учениците ги идентификуваа своите интереси, способности, цели и чекори потребни за нивно остварување.

Активност 4 – Кариерно портфолио

Учениците започнаа со изработка и пополнување на сопствено кариерно портфолио, во кое се содржат материјали поврзани со нивниот личен, образовен и кариерен развој.

Активност 5 – „Креирање визија за иднината“

Преку активноста учениците размислуваа за својата иднина, личните цели и професионалните аспирации.

Активност 6 – РИАСЕК тест

Беше применет РИАСЕК тест за идентификување на професионалните интереси на учениците и нивно поврзување со соодветни образовни и професионални можности.

Активност 7 – Сет прашалници за самопроценка

Беа реализирани активности и прашалници за самопроценка, меѓу кои:

„Што ме интересира?“

„Во светот на вештините и способностите“

„Моите перцепции за занимањата“.

Резултатите од реализираните активности и пополнетите работни листови се користеа како основа за понатамошно кариерно информирање и советување.

4. АКТИВНОСТИ ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ

Во второто полугодие беа реализирани активности насочени кон развивање практични вештини потребни за продолжување на образованието, аплицирање за работа и успешно управување со сопствениот кариерен развој.

Реализирани беа:

пишување мотивациско писмо;

пишување биографија;

изработка на CV;

брз тест „Каде припаѓам? – Твојот пат?“;

активности за препознавање на сопствените способности, интереси и професионални цели;

кариерно информирање за можностите за продолжување на образованието и вработување.

5. ИНДИВИДУАЛНО И ГРУПНО КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

Во текот на учебната година кариерните советници реализираа активности за групно кариерно советување со учениците (како кариерни советници сеуште не бевме обучени за индивидуално советување) .

Групното советување беше реализирано преку работилници, интерактивни активности, работни листови, тестови за професионални интереси и презентации.

Број на реализирани индивидуални советувања: _____/_____

Број на опфатени ученици со индивидуално советување: ____/_____

Број на реализирани групни советувања/работилници: ____13_____

Број на опфатени ученици со групно советување: IV год - 80 %

Формите за евиденција и документацијата од реализираните активности се чуваат во училиштето во рамките на документацијата за кариерно советување.

6. КАРИЕРНО ИНФОРМИРАЊЕ И СОРАБОТКА СО ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ И РАБОТОДАВАЧИ

Во текот на учебната година беа реализирани повеќе активности за кариерно информирање на учениците преку соработка со високообразовни установи, компании и други релевантни институции.

1. На 13.03.2026 година беше организирана презентација на Земјоделскиот факултет од Штип и Технолошко-техничкиот факултет од Велес за учениците од трета и четврта година. Учениците беа запознаени со студиските програми, условите и можностите за продолжување на образованието и професионалниот развој.

2. На 17.03.2026 година беше организирана посета на Славјанскиот факултет од Свети Николе, при што учениците се запознаа со можностите што ги нуди факултетот.

3. На 19.03.2026 година беше организирана посета/презентација на МИТ факултетот, при што учениците беа информирани за можностите и условите за продолжување на образованието.

4. На 03.04.2026 година ученици и кариерни советници од СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе учествуваа на Кариерен ден организиран од СОУ „Наум Наумовски-Борче“ – Пробиштип.

5. На 20.04.2026 година кариерните советници при СОУ „Кочо Рацин“ учествуваа на Националната конференција за почеток на проектот „Биди подготвен за работа преку кариерно насочување“.

6. На 22.04.2026 година ученици од прва, втора, трета и четврта година присуствуваа на Отворен ден на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, при што се запознаа со студиските програми и можностите што ги нуди Универзитетот.

7. На 07.05.2026 година беше реализирана презентација на Винарија „Имако“ од Штип, при што учениците беа запознаени со можностите за практична работа и вработување и со потребните знаења и вештини за работа во овој сектор.

7. ОТВОРЕН ДЕН И ДЕНОВИ НА КАРИЕРА

На **02.06.2026 година**, со почеток во 17:00 часот, во СОУ „Кочо Рацин“ – Свети Николе беше организиран **Отворен ден и Денови на кариерата**, во рамките на програмата за кариерно советување.

На настанот беа поканети:

ученици од деветто одделение од основните училишта „Кирил и Методиј“, „Гоце Делчев“ и „Даме Груев“;

родители/старатели;

претставници од компании и бизнис-секторот;

претставници од локалната самоуправа;

претставници од Агенцијата за вработување;

наставници и ученици од СОУ „Кочо Рацин“;

претставници на медиумите.

Целта на настанот беше:

промоција на образовните профили и можностите што ги нуди училиштето;

професионална ориентација на учениците од деветто одделение;

информирање на учениците и родителите за можностите за образование и кариерен развој;

вклучување на родителите во процесот на избор на средно образование;

јакнење на соработката со локалните компании;

поврзување на училиштето со локалната заедница и пазарот на труд;

создавање можности за директна комуникација меѓу учениците, родителите, училиштето, високообразовните установи и работодавачите.

Во рамките на настанот беше организирана панел-дискусија под наслов:

„Твојата иднина започнува тука“

На панел-дискусијата учениците и родителите имаа можност да поставуваат прашања и да добијат информации од претставници на различни институции и компании.

Панелисти беа:

претставник од Општина Свети Николе – Ивица Арсов;

претставници од компанијата АГРИА – Загорка Бочварова / Оливера Арсов;

претставник од компанијата МИК – Зоран Стефановиќ;

претставник од Земјоделскиот факултет при УГД – Штип – Димитар Наков.

Во холот на училиштето беа поставени штандови на компании и институции кои ги претставија своите можности и активности пред учениците, родителите и наставниците.

Беа претставени:

Славјански факултет;

СОУ „Кочо Рацин“ со образовните профили:

гимназиско образование;

техничар за агроменаџмент;

агротехничар за традиционално и органско производство;

техничар по ветеринарна медицина;

машински техничар за моторни возила;

прехранбен техничар;

компании МИК и АГРИА.

За реализација на настанот беа обезбедени соодветни технички и промотивни материјали, меѓу кои:

проектор и платно за видео-презентација;

озвучување и микрофони;

столчиња за родители и гости;

roll-up банери и постери со образовните профили;

live-stream пренос;

балони во боите на училиштето;

цвеќе и декоративни елементи;

фотографии од училишни активности;

ученички изработки и проекти;

банери и знамиња;

инфо-табли;

ученички креативни изработки;

штанд за добредојде.

Настанот овозможи директно поврзување на учениците со претставници од локалната самоуправа, високообразовните установи и бизнис-секторот, како и подобро информирање за можностите за образование, практична работа и вработување.

8. КАРИЕРНО ПОРТФОЛИО И ИНДИВИДУАЛЕН КАРИЕРЕН ПЛАН

Кариерните советници работеа на воспоставување и ажурирање на кариерните портфолија на учениците.

Во портфолиото се содржат работните листови, резултатите од активностите, самопроценките и други материјали поврзани со личниот и кариерниот развој на учениците.

Целта на кариерното портфолио е:

следење на личниот и кариерниот развој на ученикот;

поттикнување на самоспознавање, поставување цели и саморефлексија;

обезбедување основа за индивидуално кариерно советување;

поддршка при изработката и следењето на индивидуалниот кариерен план;

помош при донесување одлуки за продолжување на образованието;

подготовка за аплицирање за стипендии, практична работа, пракса или вработување.

9. ЕВИДЕНЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Кариерните советници водеа редовна евиденција за реализираните активности, учеството на учениците и резултатите од активностите во процесот на кариерното советување.

Евиденцијата се однесува на:

реализирани групни советувања;

учество на учениците на работилници и презентации;

реализирани тестови и самопроценки;

индивидуални кариерни планови;

кариерни портфолија;

учество на учениците на кариерни денови, отворени денови и други настани;

интересите и професионалните аспирации на учениците;

информации за планираното продолжување на образованието и професионалниот развој.

10. СЛЕДЕЊЕ НА КАРИЕРНИОТ ПАТ НА МАТУРАНТИТЕ

Во текот на учебната година кариерните советници ги преземаа активностите поврзани со подготовка и организација на податоци потребни за следење на понатамошниот кариерен пат на учениците по завршувањето на средното образование.

Училиштето, преку кариерните советници и кариерниот тим, работеше на прибирање и ажурирање на релевантните податоци за матурантите, согласно доставените инструменти и насоки.

Целта на ова следење е да се обезбедат податоци за понатамошното образование, вработување и кариерен развој на матурантите и да се овозможи анализа на успешноста на кариерното насочување во училиштето.

Училиштето веќе има реализирано конкретни активности за следење на матурантите, односно, податоците побарани во табелата за пополнување веќе се пополнети , со исклучок на податоците кои ќе се пополнат во октомври. Опфатени матуранти беа 90%. Начинот на контактирање беше преку телефон, мејл, евентуално социјални мрежи.

11. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА КАРИЕРНИТЕ СОВЕТНИЦИ

Во текот на учебната 2025/2026 година кариерните советници учествуваа на три обуки од областа на кариерното советување и професионалната ориентација.

1. „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“

датум: **06.10.2025 година**

место: **Велес**

времетраење: **8 часа**

организатор: **[МОН , БРО, Глобал Нет Адв - ГНА]**

сертификат/потврда: **издаден сертификат за учество**

дисеминација до кариерниот тим: **[08.10.2025]**

2. „Воведна обука за кариерно советување во средните училишта“

датум: **17.11.2025 година**

начин на реализација: **онлајн**

времетраење: **3 часа**

организатор: **[БРО, МОН , Асоцијација на советници за развој на кариера - АСК]**

сертификат/потврда: **издаден сертификат за учество**

дисеминација до кариерниот тим: **[25.11.2026]**

3. „Напредни техники и алатки за кариерно советување и за индивидуално насочување и поддршка на учениците“

период: **18–20.05.2026 година**

место: **Струга**

времетраење: **19 часа**

организатор: **[[МОН , БРО, Глобал Нет Адв - ГНА]]**

сертификат/потврда: **следува , но сеуште не е издаден сертификат за учество**

дисеминација до кариерниот тим: **[27.05.2026]**

Стекнатите знаења и вештини од обуките беа применувани во реализацијата на активностите за кариерно советување во училиштето.

12. ДИСЕМИНАЦИЈА НА ЗНАЕЊАТА ОД О БУКИТЕ

По завршувањето на обуките, кариерните советници ги пренесуваа стекнатите знаења, информации, техники и алатки во рамките на кариерниот тим и училиштето.

Дисеминацијата беше реализирана преку:

[состанок/состаноци на кариерниот тим – 08.10.2025];

[презентација/споделување на материјали – 25.11.2026];

[работилница/информативна средба со членовите на тимот – 27.05.2026];

Податоци за назначување на кариерниот советник:

13. СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИ, РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЦИ И ИНСТИТУЦИИ

Кариерните советници остваруваа соработка со учениците, родителите/старателите, наставниците и стручните служби, со цел кариерното советување да биде интегрирано во целокупниот воспитно-образовен процес.

Особено значајна беше соработката со високообразовни установи, компании, локалната самоуправа и други релевантни институции, преку која учениците добија непосредни информации за можностите за продолжување на образованието, практична работа, вработување и развивање на професионални компетенции.

14. КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И ПРИРАЧНИЦИ

Во реализацијата на активностите кариерните советници работеа согласно:

Правилникот за начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците;

упатствата и насоките на Министерството за образование и наука;

прирачникот за наставници „Шанса за тебе“;

